УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА
Последипломски студии

# ЕДУКАТИВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ЕМИСИИ ЗА ДЕЦА

- магистерски труд -

Ментор на проектот: **Проф.Д-р. Марија Тофовиќ Ќамилова**

Кандидат: **Катерина Спасовска-Трпковска**

Скопје, мај 2013 година

# Содржина

Содржина ______ стр. 1

Вовед ______ стр. 3

I Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1.Дефинирање на проблемот и основните поими ______ стр. 4

1.1 Телевизијата како средство за масовна комуникација ______ стр. 5

1.2 Развој на телевизијата како медиум за комуникација ______ стр. 9

1.3 Содржински развој на телевизиските програми ______ стр. 13

2. Користењето на телевизијата во наставата ______ стр. 15

2.1 Поим за наставна технологија ______ стр. 16

2.2. Видови наставни технологии ______ стр. 17

2.3 Класификација на медиумите во наставата ______ стр. 18

2.4. Аудио-визуелните средства во наставата ______ стр. 20

3. Телевизијата како едукативно средство ______ стр. 29

3.1 Видови на телевизиски емисии ______ стр. 34

3.2. Емисии за деца ______ стр. 40

3.3 Видови на емисии за деца ______ стр. 42

3.4 Емисии за деца од македонска продукција ______ стр. 49

II Методологија на истражувањето

1.Предмет на истражување ______ стр. 49

2.Цел и карактер на истражување ______ стр. 50

3. Задачи на истражувањето ______ стр. 50

4.Хипотези ______ стр. 51

5. Варијабли на истражувањето ______ стр. 52

6.Методи, техники и инструменти на истражување ______ стр. 52

6.1 Опис на инструментите на истражувањето ______ стр. 53

7. Популација и примерок ______ стр. 53

8. Вреднување ______ стр. 54

9. Вид на истражување ______ стр. 54

10. Опис на чек листите за вреднување ______ стр. 55

11.Обработка на податоците ______ стр. 56

12.Организација и тек на истражувањето ______ стр. 56

III Анализа на резултатите од истражувањето

1. Интерпретација на резултатите од анализата на телевизиските емисии за деца ________ стр. 57

1.1 Анализи на резултатите од вреднувањето на тематиката______ стр. 57

1.2. Анализи на резултатите од испитување на компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со програмските содржини _________ стр. 65

1.3. Анализи на резултатите од вреднувањето на интересот на учениците за гледање на телевизиски емисии за деца________ стр. 70

IV Заклучоци, согледувања,предлози ________ стр. 80

Литература ________ стр. 82

Прилози

# Вовед

Телевизијата е можеби најголемиот изум што 20-от век му го даде на човештвото. Можноста на едно место да се види што се случува на која било локација на планетата, а таа информација да стигне до сечиј дом за само неколку секунди, го направи светот многу помал.

Масовната комуникација претставува заемна интеракција на луѓето во една широка социјална средина, која е овозможена од специјални организации и од технички средства, какво што е телевизијата.

Телевизијата, денес, како и сите други медиуми, има три функции: информативна, едукативна и рекреативна. Една програма може да исполнува исклучиво една или да обединува две или сите три функции.

Поаѓајќи од фактот дека телевизијата како медиум го исполнува слободното време на стотици милиони гледачи ширум светот, бројни педагози и други стручни лица уште пред 50-тина години се обиделе да ја откријат образовната вредност што може да се добие преку телевизискиот екран.

Во телевизијата секој, согласно своите потреби, желби, интереси и убедувања, го наоѓа она што го исполнува. Бидејќи се дошло до сознание дека воспитно-образовниот потенцијал што го крие во себе овој медиум може многустрано да се исползува, образовната телевизија денес со право се смета за најактуелно аудио-визуелно наставно средство. Постои лепеза на можности за визуелизирање на наставните содржини. Во рамките на тие можности, образовната телевизија зазема видно место. Учениците визуелизираните информации ги примаат брзо, како целина и непосредно ги доживуваат.

Телевизиските емисии за деца, како дел од телевизијата, е она што децата најмногу сакаат да го гледаат. Сето она што ќе се каже или ќе се види во телевизиските емисии за деца веднаш е воспримено од децата. Токму затоа треба да се посвети посебно внимание на телевизиските емисии за деца, на тоа што тие опфаќаат содржински, дали правилно се употребува македонскиот јазик од страна на водителите на емисиите, а од сето тоа ќе произлезе дали тие може да се употребуваат во наставата како средство за совладување на наставниот материјал по сите наставни предмети.

Телевизиските емисии за деца кои секојдневно се емитуваат на програмите на македонските телевизиски канали беа доволна причина да ме испровоцираат да истражам дали тие имаат едукативни вредности, до кој степен се, дали тие емисии

може да се применуваат во наставната практика, и на крајот од истражувањето да дадам предлози на наставниците кои телевизиски емисии за деца се позитивни.

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражување

## 1.Дефинирање на проблемот и основните поими

Ако телевизијата е најголемиот изум на 20-от век тогаш е повеќе од јасно дека тој изум треба да има застапеност и во наставниот процес. Различните телевизиски емисии, се добра можност за усвојување на знаења од страна на возрасните. Телевизиските емисии за деца нудат можности за совладување на одредени содржини од наставните планови и програми и тоа особено во првиот период од деветгодишното образование. Но, особено е важно дали тие телевизиски емисии за деца имаат едукативни вредности.

Под поимот едукативни вредности се подразбира влијанието на содржините од телевизиските емисии врз емоционалните, социјалните, интелектуалните, физичките способности кои ќе бидат во склад со развојните можности на децата од раноучилишна возраст која се поклопува со првиот период од деветгодишното образование, како и компатибилноста на содржините од телевизиските емисии со наставните програми од сите наставни предмети.

Со примената на образовната телевизија, образовниот систем влегува во квалитативно нов период кој се одликува со висок степен на ефикасност при остварувањето на воспитно-образовните цели и задачи.

Примената на образовната телевизија во наставата е еден од начините и можностите наставната работа да се модернизира, а со тоа да се надмине традиционалниот начин на работа. Со примената се развиваат и усовршуваат нови форми, методи и модели на наставна работа.[1]

Во тие рамки образовната телевизија се јавува како носител на тенденцијата да се надминат застарените, стереотипни и стерилни облици на наставна работа.[2]

За да се примени телевизијата во воспитно-образовниот процес наставникот треба да направи план и подготовка за работа. Телевизиската емисија за деца која ќе се

---

[1] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

[2] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

користи во наставата според содржината треба да одговара на нивната возраст, да има едукативни вредности, јазикот што го употребуваат водителите да е јасен и разбирлив. Таа телевизиска емисија за деца треба да обработува содржина која е дел и од наставниот план по одредениот наставен предмет. Телевизиската емисија за деца, која ќе има едукативни вредности, на учениците ќе им помогне за полесно усвојување на содржините и совладување на наставните цели.

Со помош на образовната телевизија наставникот ја рационализира својата работа, воспоставува побрз и едноставен контакт со учениците; ја зголемува способноста на учениците за помнење; се активираат сите негови сетила; се намалува влијанието на факторот заборавање.

Со помош на образовната телевизија процесот на учење се олеснува и динамизира. Ученикот кој усвојува знаење преку гледање на образовна телевизиска програма е ставен во ситуација да учи. Тој учи на таков начин што со своите сетила ги воспријема информациите кои како визуелни и аудитивни елементи се пренесуваат преку телевизискиот екран.

Образовната телевизија пренесува знаења и создава услови за учење. Ги развива когнитивните способности на учениците, критичкото мислење и нивниот креативен потенцијал[3], влијае врз развојот на креативната, моралната и естетската компонента на личноста.

## 1.1 Телевизијата како средство за масовна комуникација

Печатот, радиото и телевизијата, ги нарекуваме средства за масовно комуницирање и тие се еден од основните елементи на системот за јавно информирање, односно масовното комуницирање. Секое од овие средства има посебна улога и значење во системот на информирање. Еден француски новинар вака ги опишува спецификите на споменатите медиуми: "Ако радиото говори во секој момент, тоа на страниците на печатот останува да се каже еднаш дневно зошто тоа се случило, дотогаш телевизијата е должна да покаже, очигледно, како тоа се случило"[4].

Телевизијата е епохален комуникациски изум на 20 век. Од сите пронајдоци што ја обележуваат епохата во историјата на комуникациите телевизијата, по пишаниот збор, спаѓа во најзначајните изуми.

---

[3] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

[4] Груевски, Томе. (2000), *Теорија на новинарството*, Скопје: НИП "Студенстски збор".

Може да се каже дека и самиот поим масовно комуницирање, често употребуван денес, својата вистинска смисла ја добил откако се појавил овој медиум. Личното општење, кое претставува најпрост и најприроден начин на размена на информации меѓу луѓето постоело отсекогаш, се појавило заедно со појавата на човештвото. Но масовната комуникација се појавила значително подоцна. Едни ја поврзуваат нејзината појава со пронајдокот на одредени технички средства што ја овозможувале, а други со настанувањето на масовните аудиториуми. Тешко е да се одреди кој од овие два фактора бил пресуден за појавата на масовното комуницирање, а освен нивното, било испреплетено и влијанието на многу други фактори. Тоа што е карактеристично за оваа комуникација е дека претставува заемна интеракција на луѓето во една широка социјална средина, која е овозможена од специјални организации и од технички средства, какво што е телевизијата.

Се почнало во 1925 година кога шкотскиот научник Џон Берд успеал да ги искористи теориите за електрохемиското својство на светлината и да ги примени во праксата, успешно пренесувајќи ја сликата на куклата што се наоѓала на неговото поткровје во продавницата на приземјето. Неговиот помошник Вилијам Тејтон ќе остане запишан во историјата како првиот лик што се појавил на малиот екран. Но тоа била механичка телевизија, а електронската се појавила следната година, кога Американецот Фило Фармсфорд ја усовршил катодната цевка.

Требало да поминат десет години додека се создаде првата ТВ станица, познатата "Би-Би-Си" во 1936 година. Комерцијалната примена на овој медиум станала помасовна во 1940-те години, а интересно е што во почетоците тој имал претежно или исклучиво забавна примена, а не информативна. Сателитското комуницирање од 1950-те години довело до многу значајни промени во нејзиниот развој. Телевизијата на почетокот од 21 век се уште е најмасовно користен и највлијателен медиум, иако интернетот и претставува се посериозна конкуренција. Нејзиниот голем успех се должи на најзначајната карактеристика што ја има - таа е аудиовизуелен медиум, односно ја спојува сликата (визуелното) со звукот (аудитивното).

Телевизијата денес, како и сите други медиуми, има три функции: информативна, едукативна и рекреативна. Една програма може да исполнува исклучиво една или да обединува две или сите три функции. Нејзиниот постојан развој придонесе да се појават илјадници канали, општи или специјализирани за една тематика. Се појавија неколку основни области во бизнисот со телевизиската продукција, како комерцијални телевизиски мрежи, синдикат телевизии, локални телевизии, кабелски и сателитски мрежи, кабелски системи, образовни телевизии, производство на видео

материјали, издавање програми на видео, производство на реклами при специјализирани агенции и производство на музички видео спотови.

Најзабележителното нешто за овој вид комуникација е нејзината масовност, односно ширењето информации со огромен обем на исто така огромен и нееднороден аудиториум. Тоа се огледува од милионските тиражи што ги имаат некои весници, но и од уште поголемите аудиториуми што се собираат околу радиото и најмногу околу телевизијата.

Оваа особеност подразбира дека таквото комуницирање опфаќа две страни: масовно производство на информации и масовни аудиториуми што ги примаат. Поврзаноста на овие две страни е општествено условена. Само по себе, масовното производство на соопштенија автоматски не формира и масовна публика. Тоа го покажале примерите во некои африкански земји, каде што се направиле весници со огромни тиражи, но тоа веднаш не создало масовен аудиториум, затоа што најнапред било потребно да се ликвидира неписменоста кај населението и да се издигне културното ниво. Со други зборови, потребно е кај луѓето да се појави интерес кон информирањето за настани и за појави надвор од границите на непосредниот свет во кој што живеат, за масовните медиуми да имаат на кого да ги пласираат произведените информации.

Многу специјалисти сметаат дека размерите на аудиториумот се единствениот критериум за оцена на ефективноста и на дејноста на некое средство за масовно комуницирање. Таквото стојалиште наоѓа свое оправдување пред се кај телевизијата, која е насочена кон максимален можен број на луѓе. Теоретски, големината на одреден аудиториум може да се приближи до бројноста на населението на одредена земја или повеќе земји што би следеле иста програма. Но тоа најчесто се случува во вонредни услови, кога медиумите емитуваат програми што имаат мошне големо значење за општеството во целина или за повеќе општества на одредено регионално ниво.

Такви примери се големите политички промени, опасноста од природни или од човечки предизвикани несреќи, ризикот од воени дејствија и слично. Во редовни услови, аудиториумот е многу помал и неговата бројност зависи од карактерот на емитуваната содржина, од времето во годината, од часот во денот и од низа други фактори.

Признавајќи ја големината на аудиториумот, некои теоретичари него го претставуваат како обичен механички збир, односно како одреден број луѓе што не се поврзани со ништо друго освен со тоа што следат една иста програма во исто време. Според нив, аудиториумите се состојат од одделни индивидуи кои ги користат

звучните и визуелните средства за масовно комуницирање за да си ги задоволат своите лични потреби од информираност. Но решавачка улога во формирањето на одреден масовен аудиториум не игра субјективната желба на луѓето да бидат информирани преку медиумот, туку објективните фактори, со кои им се овозможува да ги задоволат тие лични потреби само како дел од една голема маса. Тоа значи дека потребата да биде информиран човекот ја задоволува на начин што го определува општеството во целина, а не тој самиот. Суштината на аудиториумот не е во тоа дека тој се состои од одделни луѓе, туку во тоа што тој ги одразува врските на тие луѓе помеѓу себе и со општеството во целина во процесот на масовното комуницирање, врските што ја олеснуваат размената на информациите меѓу луѓето во масовни размери.

Од сево ова може да се заклучи дека вклучувањето на човекот во составот на одреден аудиториум не е механички акт. Тоа има длабоки социјални и психолошки последици. На пример, за еден Македонец да ги следи германските информативни медиуми, односно да стане дел од нивниот аудиториум, не е доволно само да му се овозможи пристап до нив, туку претходно е потребно кај него да се развие интерес за тековите и за состојбите во германското општество, а тоа може да се постигне ако тие текови и состојби имаат некакво влијание врз неговиот личен живот.

Станувајќи учесник во аудиториумот, поединецот добива нова улога и тоа се одразува и врз неговиот приод кон примената информација. Кај масовното комуницирање приоритет има пред се информацијата што има широко социјално значење. Затоа бројноста на одреден аудиториум не е обичен статистички податок, туку тоа ги одразува општите интереси на голема група луѓе.

По правило, аудиториумот на средствата за масовно комуницирање е разбиен во пространството. Луѓето што го формираат можат да живеат на разни места што се наоѓаат на големи далечини од изворот на информациите. Но независно од пространствената расцепканост, медиумите имаат способност да воспоставуваат истовремен контакт меѓу луѓето, благодарение на брзината со која што се доставува информацијата. Истовременото поврзување на големи маси луѓе со средствата за информирање раѓа порано незамисливи форми на размена на искуства и резултати од дејноста на луѓето што се оддалечени стотици или илјадници километри еден од друг.

Истовременоста на дејството на средствата за јавно информирање не треба да се сфати буквално. Разликата во карактерот на информациите ја релативизира брзинта и истовременоста на нејзиниот ефект. Весниците не се читаат истовремено, туку во текот на истиот ден, а и радијата и телевизиите по повеќепати во денот ги повторуваат особено важните и интересни соопштенија за да овозможат тие да стигнат до што

поголем број крајни корисници. Но кога станува збор за јавното информирање на аудиториумот од особена важност е редовноста, непрекинливоста на тој процес. Весниците, радијата и телевизиите треба да им донесуваат нови, свежи содржини на своите читатели, слушатели, односно гледачи во точно утврдени временски интервали. Ако тие го прават тоа случајно и нередовно, тогаш ќе го загубат статусот на извор за информирање, без разлика за каков вид информации станува збор.

Функционирањето на средствата за масовно комуницирање е незамисливо без користењето на технолошките процеси, разните технички приспособувања што овозможуваат брзо да се собираат, обработуваат и да се шират содржините, во масовни размери и на огромна територија. Современите медиуми ги користат најновите достигнувања на научно-техничкиот напредок во електрониката и во други области. Огромниот напредок на овие технички средства директно влијаат не само врз контактите со луѓето, куку и врз развојот на економијата на земјите, бидејќи токму масовната комуникација се претвори во една од најсилните гранки во многу стопанства.

## 1.2 Развој на телевизијата како медиум за комуникација (технички вредности на телевизијата)

Појавата на телевизијата каква што денес ја знаеме многу влијаела на целокупниот општествен развој на човештвото. Затоа таа често се нарекува и осма сила, по аналогија на терминот седма сила, кој од подамна се употребувал за печатот. Поимот телевизија има корени во старогрчкиот збор теле, што значи далеку и од латинскиот збор визио, што значи гледање. Во слободен превод, телевизија би значело гледање во далечина.

Се смета дека телевизијата се јавила кон средината на 19 век кога е откриено електрохемиското дејство на светлината. Оттогаш, па се до почетокот на овој век се вршени разни експерименти засновани на оптичко-механички системи со користење на разни видови ќелии осетливи на светлината. Пол Нипков уште во 1884 година го објавил својот епохален пронајдок. Тој открил дека секој лик е можно да се претстави како збир на линии, а тој збир на линии како збир на точки.

"Ставете ја во движење точката и сликата мора да живее" - тврдел Пол Нипков. Со овој изум Нипков го поставил и основниот принцип на пренос на сликата на далечина, што всушност е и основниот принцип на телевизијата.
Пол Нипков е творец на механичката телевизија.

Врвните дострели на механичката телевизија биле во 1925 година кога Шкотланѓанецот Џон Берд успеал да ја "пренесе" сликата на куклата која се наоѓала во неговото поткровје, до продавницата во приземјето. И уште еден историски податок: Вилијам Тејтон, помошник на Џон Берд, е првиот човечки лик кој се појавил на "малиот екран". Тоа бил и крајниот дострел на механичката телевизија, бидејќи историјата на телевизијата и наменила електронска, а не механичка природа.

Своето име телевизијата го добила во 1900 година. Но својата електронска природа ја примила дури во 1926 година, кога Американецот Фило Фармсфорд ја усовршил катодната цевка. Тоа е основата на електронската телевизија.

Феноменот на телевизијата (да може да се пренесуваат слики по бежичен пат) на науката и бил познат уште пред Првата светска војна.

Голем број на научници од повеќе земји (САД, Англија, Германија, поранешниот СССР и др.) во периодот помеѓу двете светски војни ја усовршиле телевизиската техника. Тоа е т.н. експериментална фаза на телевизијата.
Првиот ТВ пренос во историјата е остварен во Соединетите Американски Држави во 1925 година.

Англиската корпорација ББЦ (Бритисх Броадцастинг Цорпоратион) ја создала првата ТВ станица во светот. Тоа било во 1936 година. Во тоа време ББЦ дбневно емитувала по два часа програма.

Радио и ТВ дифузијата во Британија традиционално се заснова на принципот дека тоа е јавна државна служба која за својата работа одговара пред народот, со посредство на парламентот. Главни се три институции. Тоа се ББЦ ( Бритисх Броадцастинг Цорпоратион) радио и телевизија, потоа Независна ТВ комисија (Индепендент Телевисион Цоммиссион) која ја регулира работата на независните станици, вклучувајќи ги кабловските и сателитските мрежи. Третата е Радио Аутхоритѕ и таа ја регулира работата на сите станици надвор од ББЦ.

Во Британија постојат четири телевизиски канали: од информативно-политички преку драмски, спортски, образовни и детски до забавни документарни, филмски и оние што се занимаваат исклучиво со темата религија[5].

---

[5] Груевски, Томе. (1999), Историја на новинарството, Скопје: НИП „Студентски збор“.

Во 1938 година во Ленинград (денешен Санкт Петерсбург) и Москва, веќе постоеле две телевизиски станици, а во 1939 година американската корпорација НБЦ ја создала првата ТВ станица во Њујорк. Експериментална програма, во тоа време, била емитувана и во Германија. Развојот на телевизијата го прекина почетокот на Втората светска војна.

Но експанзијата на телевизијата како медиум, или како средство за масовно комуницирање почнува дури по Втората светска војна, и тоа од 1941 година во Соединетите Американски Држави.

Во нејзиниот прв период таканаречената експериментална фаза на телевизијата е прифатена како средство за забава, како атракција, а дури во педесеттите години на овој век таа станува значајно средство за информирање за општество-политичките настани.

По 1950 година два настани се особено важни за развојот на телевизијата:
а) Емитување на телевизиска програма во боја (во САД 1950)
б) Употреба на вештачкиот сателит за пренос на ТВ програмата во меѓународната размена (1967).

Емитувањето на првите програми во колор започнале во САД во 1954 година, а колор телевизијата доживува голем напредок во шеесеттите години[6].
За развојот на телевизијата клучни се настанувањето на сателитските и на кабелските системи. Почетоците на сателитската телевизија се во 1962 година, кога САД го лансирале сателитот Телстар, а набргу потоа и Телстар 2. До денес во орбитата на Земјата се лансирани повеќе од 200 комуникациски сателити. Тие прво имале исклучиво пасивна улога во пренесувањето на сигналот од телевизиските предаватели, бидејќи само го одбивале од една кон друга точка на планетата. Но технолошкиот развој отишол дотаму што сателитите денес ги извршуваат сите функции на класичен предавател.

Настанокот на кабелската телевизија, пак, бил условен природното опкружување на некои градови во САД, кое претставувало хендикеп за нив и им оневозможувало на нивните граѓани да следат телевизиска програма. Постојат повеќе претпоставки, од кои најуверлива е таа дека кабелската телевизија настанала во градот Маханој во Пенсилванија. Местото било целосно опкружено со планини и неговите жители поради тоа не можеле да добиваат квалитетен телевизиски сигнал со своите антени. Поради тоа, Роберт Тартон, локален продавач и дистрибутер на телевизори, за

[6] Груевски, Томе. (1999), Историја на новинарството, Скопје: НИП „Студентски збор".

да им ја зголеми потрошувачката, на врвот на една планина поставил специјална антена и засилувач што самиот ги конструирал и потоа со кабли го доставил нивниот сигнал до домовите. За користењето на неговиот кабелски систем жителите требало да плаќаат сметки.

На просторите на Балканот и на некогашна Југославија телевизиската проргама можела да се следи дури по три децении откако се појавил овој медиум. Граѓаните на Загреб првпат виделе телевизиска програма на 15 мај 1956 година, во Белград на 28 август 1958 година, а во Љубљана на 11 октомври истата година. Тие три телевизиски студија почнале да емитуваат и тричасовни заеднички програми по три дена во неделата. Таа за првпат можела да се следи во Македонија од 24 декември 1961 година, кога во целата земја биле регистрирани вкупно 823 телевизори.

Клучен датум за развојот на телевизијата во Македонија е 8 септември 1962 година, кога Радио Скопје го промени своето име во Радио Телевизија Скопје. ТВ Скопје почна да емитува своја програма од 14 декември 1964 година, кога прикажувала кратки вести. Во првите години на својот развој таа имала 120 вработени 13.000 претплатници и 2.650 минути произведена програма, од кои 330 минути биле сопствена продукција, а се друго преземено од другите мрежи во Југославија.

Јавувајќи се на почетокот пет пати седмично, ТВ Скопје на своите гледачи им нудела кратка, но разновидна програма, од дневни информации и актуелности, преку културни и образовни серии, па се до куклени емисии и преведени цртани филмови за децата. Во Македонија за првпат била емитувана програма на албански јазик во 1967 година и на турски јазик во 1969 година, уште додека во Албанија немало телевизија, а таа во Турција била во експериментална фаза.

На 10 мај 1991 година РТС го менува своето име во Македонска Радио Телевизија, а Телевизија Скопје во Македонска Телевизија. На 2 јули 1992 година МТВ стнува и активна членка на Евровизија. Во овој период, во почетоците на плурализмот, настануваат и крупни промени во информативниот амбиент на Република Македонија, кога се појавуваат и приватните телевизии.

Македонската телевизија денес претставува огромен фонд од „кутии" и ленти во кои се документирани годините на растежот, живеењето и целокупниот напредок на Република Македонија. Програмата на Телевизија Скопје во нејзиниот творечки развој претставува сведок на времето, телетека на интелектуалните дострели во сите области

на творештвото и во исто време претставува колективна меморија на времето во кое живееме[7].

## 1.3 Содржински развој на телевизиските програми

Системот на масовното комуницирање во својата сложеност и интегрираност се структуира според различни критериуми:

-според нивото на комуницирањето

-според медиумите итн.

Првиот тргнува од општествената структура истратификација па на секое ниво на општественото организирање го проучува масовното (јавното) комуницирање со сите медиуми.

Вториот период ги истакнува медиумските особености на средствата за масовно комуницирање (печатот, радио, телевизија) и ги следи на сите нивоа на општественото организирање.

Информациско-комуникацискиот систем во Република Македонија (од 1991 година) може да се структуира не само според изнесениве два критериуми, туку и според други критериуми (на пример според сопственоста или намената на медиумите: државни, јавен сервис, комерцилајни радио и ТВ станици)[8].

Локалните телевизиски станици се електронски медиуми со аудитивна и визуелна компонента во комуникацијата.

Можни се повеќе периодизации во зависност од тоа кој елемент ќе се земе како примерен: времето на појавувањето, технолошкото оспособување, содржинското и професионалното издигнување.

Перспективите на локалните електронски медиуми во Република Македонија дополнително ги најави и појавата на локалните телевизиски станици.

Телевизијата, историски гледано е изворно локален феномен. Во прво време таа се развивала на ниво на локалната заедница. Подоцна таа поприма регионални и национални размери со што се појавува и сателитската телевизија. Последнава деценија се забележува изразит развиток и ширење на локалната телевизија кој што е проследен со развојот на нејзините особености и карактеристики, функционалната

---

7 Груевски, Томе. (1999), *Историја на новинарството*, Скопје: НИП „Студентски збор“.

8 Груевски, Томе. (1999), *Историја на новинарството*, Скопје: НИП „Студентски збор“.

специјализација и вертикалната поврзаност со националните и интернационалните ТВ системи.

Жан Пол Лафранк разликува пет типови на локална телевизија:

1. Асоцијативна
2. Комерцијална
3. Услужна
4. Отворена
5. Занатска

Заедничка особина на овие типови локални телевизии е смалената дистанца помеѓу оној кој ја емитува програмата и оној кој ја прима.
Анализирајќи ја програмата на локалните ТВ станици забележливо е емитувањето на локален ТВ дневник. Без исклучок сите локални телевизиски станици го пренесуваат и вечерниот ТВ дневник.

Контактните емисии како мошне популарни емисии меѓу ТВ аудиториумот се застапени на програмите на сите телевизиски студија. Тие се емитуваат во форма на телевизиски трибини, гости во студиото со учество на телевизиските гледачи, сопствени мислења, дијалог со гостите итн.

Има и телевизиски емисии од типот на неделни прегледи за најактуелните настани на локалното подрачје. Исто така, во локалните телевизиски станици се подготвуваат и младински емисии, емисии за земјоделството, емисии од областа на здравството и социјалната политика, заштитата на човековата околина, но и музички емисии. Некои локални телевизиски станици вршат директни преноси и од манифестации и настани, а пред се од спортот.

Филмот како жанровска застапеност во вкупната емитувана програма зазема повеќе од 30 отсто од програмата. Како програмска политика во некои ТВ станици се негува и формата на филмски маратон. Емитуваните филмови, главно, што се емитуваат се титлувани на македоснки литературен јазик.

Од пропагандната активност на локалните ТВ станици застапени се емисиите од типот: телевизиска берза, телевизиски маркетинг, ТВ огласи, ЕПП пораки итн.

Појавата на локалната телевизија во Република Македонија е од понов датум. Имено, таа започнала на 10 октомври 1991 година во Прилеп кога Центарот за печат и радио Прилеп започнал со производство и емитување на ТВ програма. Потоа се појавиле и други ТВ студија: Кочани, Кавадарци, Куманово, Охрид, Битола, Виница, Делчево, Неготино, Гевгелија, Радовиш, Валандово, Берово, Струмица, Велес, Ресен, Штип. Периодот од 1992 па се до 1997 година може да се именува како период на

надградба на локалното радио со локалната телевизија. Во овој изминат период се имаат отворено многу ТВ локални станици.

Телевизијата како и другите медиуми има:

1) Информативна

2) Образовна

3) Забавно-рекреативна

4) Културна, спортска улога итн.

На телевизијата зборот се подредува на сликата која го води новинарот, му диктира начин на изразување.

Телевизијата ја нарекуваме средство за масовно комуницирање и таа е еден од основните елементи на системот на јавно информирање, односно масовно комуницирање во една држава.

## 2. Користењето на телевизијата во наставата

Под влијание на научно-технолошкиот развој, начинот на работа доста се изменил во сите области, па и во образованието. Начинот на работа во било кој работен процес се нарекува технологија. Тој термин влегол во наставната работа од материјално производство. Од грчко потекло е, а означува наука за вештината на работата. Со време поимот технологија се збогатувал и станувал се покомлексен. Општо, технологијата се дефинира како наука за начините на производството, односно преработката на суровините во финален производ. Очигледно, ваквата дефиниција одговара на индустриското, а во поширока смисла на материјалното производство воопшто.

Но, во поново време, се споменуваат на пример и технологија на продажба и други технологии, па е очигледно дека таа дефиниција е претесна и не може да ги покрие сите процеси кои со неа се сакаат да се означат. Поради тоа е прифатлива поширока дефиниција која ја сочинуваат следните елементи меѓусебно поврзани во интеракција:

а) предмет на работа

б) значење

в) работно искуство-методологија на работа и

г) средства за работа.

Значи, технологијата е наука за начинот на работа, за примена на знаењата, искуствата, методите, постапките и работните орудија за да се создаде работен резултат.

Во оваа дефиниција намерно е изоставен поимот "преработка на суровини", а исто така и "финален производ", бидејќи поимот на тој начин би се стеснил. Меѓутоа, "преработката на суровини" може пошироко да се толкува. Под тоа може да се подразбира и преработка и збогатување на знаењето, а како "финален производ" може да се сфати и ученикот кој ги стекнал со програмата утврдените знаења. Со делувањето на наставникот тој се променил и станал "финален производ".

Наставникот во тој процес ги користел своите знаења, се трудел да ги примени најефикасните методи за успешно да делува на материјалот (ученикот) и да го менува во склад со поставената цел. Сепак, во овој случај, аналогијата со производниот процес не може да биде целосна. Материјалот во фабриката е секогаш во пасивна положба, а ученикот во наставниот процес мора да биде во активна положба. И тој делува, а не само наставникот[9].

## 2.1 Поим за наставна технологија

Постојат две сфаќања за наставната технологија: пошироко и потесно. Поборниците на првото сфаќање ја сведуваат наставната технологија на користење технички средства во работата во училницата (Скинер 1963). Тие сметаат дека целосната "технизација" е најдобар пат кон максимална ефикасност на наставата.

Содржината на наставната технологија, според нив, ја чинат физичките и техничките средства (кино-проектор, телевизија, машини за учење, сметачи) кои овозможуваат со звук, подвижни слики полесно да се совлада градивото. На овој начин улогата на наставникот значително се намалува и се сведува на вешто користење на техниката. Со една од дефинициите наставната технологија се означува како збир на наставни средства, првенствено оние кои се засновани на најновите технички достигнувања.

Поборниците на поширокото сфаќање во наставната технологија ја сврстуваат организацијата, наставните методи и постапки и примената на наставните средства вклучувајќи ги и најсовремените технички средства. Некогаш во сфаќањето на

---

9 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III*, Београд: „Научна книга”.

наставната технологија се оди толку широко што таа се изедначува со дидактиката или дури ја заменува дидактиката. Така на пример, К. Силбер смета дека наставаната технологија опфаќа развој и проширување (истражување, планирање, производство, испитување, следење и подготовка), компоненти на наставниот систем (пораки, луѓе, материјали, машини, техники), водење (организација) и системски начини на однесување за да се остварат наставните задачи.

Како реакција на прешироко то сфаќање на дидактиката се јавиле потесни дефиниции во кои акцентот се става на постапките и помошните наставни средства за планирање и реализација на наставата. Некои самата технологија не ја сметаат за наука, туку велат дека тоа е примена на науката во решавање конкретни задачи.

Во наставната технологија се поаѓа од тоа дека во наставата треба да се остварат поставените цели и дека поради тоа треба да се применува прикладна организација, наставни методи и постапки и наставни средства. Под наставни средства се подразбираат и оние класичните, како што е школската табла, и оние најсовремените, како што е компјутерот. Според тоа, наставната технологија е збир на фактори - извори на знаење, прикладна организација, наставни методи и постапки и наставни средства- кои се применуваат во наставата заради постигнување на поставените цели[10].

## 2.2. Видови наставни технологии

Некои автори се обиделе да направат периодизација на наставната технологија, да ги утврдат периодите во нејзиниот развој. Нивните трудови помогнале да се согледа генезата на наставната технологија, нејзините карактеристики во различни периоди, но нивните периоди можат само условно да се прифатат.

Станува збор за тоа дека во еден период карактеристичен по појавата на новата наставна технологија, паралелно егзистираат и претходни наставни технологии.

Поделбата на наставните технологии според видот на наставните средства кои во нив се користат е поегзактна. Користејќи ја поделбата на Безиќ на наставни периоди, произлегува следната поделба на видови: усмени зборови, пишани зборови. набљудувања, манипулациски и оперативни техники, аудиовизуелни техники, компјутеризација и мултимедиски техники[11].

---

[10] Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III*, Београд: „Научна книга".

[11] Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III*, Београд: „Научна книга".

Технологија на усмени зборови е најстарата наставна технологија, која се сведува на две наставни методи-усмено излагање(монолошка) и разговор(дијалошка).

Технологија на пишаниот (печатениот) збор во наставата почнува од Гутемберг, од појавата на печатот, па со право може да се нарече и Гутембергова технологија. Пресвртница во наставата настанува тогаш кога книгата станува масовно достапна. Постојат различни класификации на книгите кои се користат во наставата, но во сите нив се појавуваат три главни групи: учебници, прирачници и брошури.

Технологија на организирано набљудување. Во наставата набљудувањето е организирано бидејќи се планира, му се одредува предметот, целта, се бара да биде објективно и егзактно.

Технологија на манипулативни и оперативни техники е ново обележје во работата на новата школа, но не единствена бидејќи покрај неа се користат и други наставни технологии.

Ауди-визуелна наставна технологија. Филмот, радиото и телевизијата внесле во наставата нови можности и квалитет. Звукот и сликата се средства кои и порано се користени во наставата, но со нивна комбинација и подвижната слика(филм, телевизија) наставата многу добила.

Компјутерска наставна технологија. Компјутерот е средство за брза и прецизна обработка, за совладување и пренос на огромен број информации. Со таа своја особина тој му овозможува на ученикот и на наставникот да заштедат време трошејќи на ментални активности. Наставата со помош на сметач е програмирана настава. Таа овозможува работниот процес да се индивидуализира, а ги потиснува колективните облици на работа што секако негативно влијае нрз процесот на социјализација. Затоа наставата со помош на сметач може да биде само еден од начините на работа, но не и единствен.

Мултимедиска наставна технологија. Наставата полека станува спој на различни технологии кои се синтетизираат во една, мултимедиска.

## 2.3 Класификација на медиумите во наставата

Материјалот на кој учениците стекнуваат знаења е многу разновиден и грубо може да се подели на изворна (објективна) стварност и на наставни медиуми кои човекот ги обликувал заради поуспешна реализација на наставниот процес.

Бидејќи наставата е организирано сознавање на реалноста, тогаш човековото опкружување, посебно околината на училиштето е богат извор на знаења. Тој извор

наставникот го користи така што ги изведува учениците од училницата организирано да ги набљудуваат и проучуваат природните предмети, средствата за работа со кои се служи човекот и производите на човековата духовна дејност (изложби, музички приредби).

Другиот начин на користење на изворна (објективна) стварност е набљудување на делови на таа стварност во училишните простории. Наставникот може да донесе во училницата разни плодови, растенија за да учениците ги набљудуваат и проучуваат.

Иако објективната стварност е најбогат и најприроден извор на знаења, поголем дел е недостапен на наставникот и на учениците поради големата оддалеченост или разни опасности. Во тие случаи се користат наставни средства (наставни медиуми).

Постојат многу класификации на медиумите во наставата. Позната е класификацијата на Роберт Гање, кој медиумите ги дели на објекти на демонстрација, усмена комуникација, печатени материјали, подвижни слики, звучен филм и машини за учење. Тој смета дека функцијата на овие медиуми е да го поттикнуваат вниманието и работата на учениците, да влијаат на нивното мислење, однесување, да посредуваат во комуникацијата и да овозможат да се проверат резултатите на учениците.

Гање смета дека најефикасни медиуми се машините за учење, насочената комуникација и звучниот филм, а скромни дострели се подвижните и неподвижните слики и разни предмети за демонстрација.

Фрелих, наместо класификација спрема ангажираноста на сетилата, воведува класификација според употребената техника. Во техничките медиуми тој ги вбројува: аудитивните, визуелните и аудиовизуелните средства.

Еплинг ги класифицирал наставните медиуми според интензитетот на дразбата кои тие ја предизвикуваат. Тој учениковите искуства ги поделил на четири групи:

-акустични искуства;

-непосредни искуства од општењето со луѓето;

-непосредни искуства со предметите и

-визуелни искуства.

Позната е и класификацијата која ја дал Е. Дејл. Тој како критериум за поделба го зел непосредното искуство кое го пружаат медиумите. Во основа на својата триаголна шема, тој ги ставил искуствата кои ги пружа изворната стварност, а на врвот се наоѓаат визуелните и вербалните симболи. Оваа поделба е теориски заснована на непосредното и симболичкото искуство на поединецот.

Учењето може најцелосно да се оствари со непосредна врска со стварноста, како што се на пример излезите од училницата, во природа, фабрика. Меѓутоа е невозможно сите наставни задачи да се остварат на тој начин.

Некои апстрактни поими можат полесно да се совладаат на цртеж, модел шема. За совладување поими од општествената стварност, можат да се користат симулации, цртежи. Колку повеќе поимите се апстрактни, толку повеќе се користат медиуми кои се наоѓаат на врвот на шемата на Дејл, така што на самиот крај треба да се користат визуелните, и најпосле, вербални симболи (збор,говор).

Иако класификацијата на Дејл е една од најпознатите, критиката утврдила дека хиерархијата на Дејл според степенот на конкретност не е целосно втемелена и прецизна. Врз основа на неа може да се заклучи дека акустичните перцепции се помалку конкретни од филмот. Во неа недостасува објаснување кои медиуми се најпогодни за поедини наставни ситуации, задачи, содржини.

Имало одбиди наставните медиуми да се диференцираат врз нивниот однос кон психичките функции. Некои дидактичари се залагале вредноиста на поедини наставни медиуми да се цени според тоа колку тие можат некое објективно сознание да го доближат до когнитивната структура на ученикот.
Најчеста и најприфатлива е поделбата според сетилата кои се употребуваат при користењето на медиумите. Според тоа, медиумите се делат на: визуелни аудитивни и аудио-визуелни[12].

## 2.4. Аудио-визуелните средства во наставата

Аудио-визуелните средства се користат за пренесување на информации кои се примаат преку две сетила: вид и слух, што овозможува тие поцелосно да се доживуваат, сфаќаат и подолго да се задржуваат во помнењето.

Во наставата најмногу се користат снимени ТВ -емисии, а исто така значителна дидактичка вредност можат да имаат и филмовите. Нивната предност е во тоа што сликата, по потреба, може да се запира и враќа повеќепати за да се укаже поголемо внимание на некои детали. Важно е аудиовизуелните материјали да бидат дидактички обликувани, да одговараат на потребите на наставната програма[13].

---

12 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга".
13 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга".

Филмот во наставата

Наставата може битно да се подобри, со користење на звучен (аудитивен) филм. Со ова наставно средство се спојуваат важните перцепциски компоненти: визуелна, акустична и динамичка (движење). Појавите и случувањата на филмот подоцна можат и да се репродуцираат. Доживувањето кое со репродукцијата на филмот се постигнува, е силно, бидејќи прикажаната реалност дејствува многу убедливо. Така стекнатото знаење е длабоко и трајно.

Јазикот на движечката слика е атрактивен, бидејќи камерата и микрофонот можат да ја регистрираат непосредната реалност, така како што човекот ја гледа и слуша. На тој начин со камерата може непосредно(директно) да се забележат движечката слика и звукот па тоа да се прикаже во било кое време и место. Впечатокот кој со ваквата репродукција се стекнува е многу подобар од оној кој се постигнува со зборови или статична слика. Камерата може да навлезе во морските длабочини, тропските прашуми, од блиску да ги види највисоките планински врвови, да ни го приближи најразновидниот растителен и животински свет. Историските случувања, можат врз основа на историски документи и музејски предмети, многу добро да се реконструираат и да се снимат на филм. На тој начин може да се оживее историското минато.

Битна одлика (можност) на филмската техника е забрзаното и забавеното снимање. Случувањата кои во реалноста се одвиваат многу бавно, што не можат да бидат регистрирани од човечкото око, можат да се снимаат забрзано и подоцна да се репродуцираат со нормална брзина која ја прима нашето сетило за вид. Така за неполни десет минути, може да го гледаме никнувањето, растењето и цветањето на некое растение. Спротивно на ова, случувањата кои се одвиваат со голема брзина можат ад се снимаат бавно и да се направат достапни за човечкото око. Овие одлики можат извонредно добро да се искористат во наставните филмови од областа на природните науки.

Ситните честички, кои за човекот се невидливи, можат да се снимат со камера, да се зголемат и на тој начин да станат јасно видливи.

За унапредување на наставниот процес значително придонесува и техниката на филмската анимација. Таа е погодна кога треба да се објасни некој апстрактен поим или теорија, а не да се прикаже тоа што е конкретно, или пак видливо во реалноста. Со анимацијата може визуелно да се објаснат човечките размислувања.

Накусо, филмската техника овозможува:

- прикажување на реалноста така како што човекот ја гледа (непосредна или директна фотографија);
- забрзано или забавено снимање на случувањата кои во реалноста се невидливи, а потоа на филмот можат да се набљудуваат;
- микроснимање на големите објекти и зголемување на ситните честички и битија;
- анимирана визуелизација на апстрактните поими и творби.

Филмовите можат да се снимаат во црно-бела техника и во боја. Во наставата најдобро е да се користат филмови во боја, бидејќи тие овозможуваат прикажаната појава да се доживее поцелосно, попрецизно и пореално. Тоа значи дека филмовите за природата, пејсажите, животните и растенијата треба да бидат во боја. Со тоа доживувањето добива естетска димензија.

Што го прави филмот извонредно добар и употребливо наставно средство?

а) Филмот ја визуелизира наставната содржина. Наставниот филм може да опфаќа шеми, скици, дијаграми и останати графички средства. Со анимацијата можат да се направат лесно разбирливи и апстрактните поими и теории. Со тоа наствниот филм ја рационализира наставата.

б) Филмот е многу соодветно средство за прикажување на динамички појави и случувања. Покрај сликата, и динамиката (движењето) е неговата главна карактеристика. Секаде каде што постои акција која треба да се прикаже, треба да се определиме за филмот како наставно средстрво. Подвижната филмска слика опишува и динамизира.

в) Филмот има и аудитивна компонента. Тој е аудио-визуелно средство. Подвижната слика ја следи звук. Кога се прикажува некоја појава од реалноста (море, фабричка сала, фарма и шума), сликата ја следат звуци кои се за неа карактеристични.

г) Во наставниот филм се користи нарација која ги следи подвижните слики. Нејзината цел е на учениците да им се дадат неопходните објаснувања и нивното внимание да се концентрира на тоа што е битно во филмот.

д) Бојата е ефикасно средство ако со филмот се прикажуваат појави и случувања во кои таа е важен елемент (филм за животни, растенија и пејсажи). Покрај тоа, со бојата целосно се прикажува реалноста. Таа буди интерес и на доживувањето му дава естетска димензија.

Наставниот филм се подготвува и реализира според наставната програма, па затоа е во функција на остварување на наставните цели.

Покрај наставните, во наставата можат да се користат и други видови филмови - документарни, рекламни и уметнички. Многу документарни филмови од редовната

продукција на филмските куќи можат да бидат одлично дополнување на наставниот процес. Документарниот филм за животот на луѓето во некој далечен крај, успешно може да се користи во наставата по географија. Истото важи и за рекламниот филм за некое познато туристичко подрачје. Уметничките филмови снимени според книжевните дела, можат во целост или делумно да се користат во наставата.

Со истражувањата е утврдено дека филмовите го поттикнуваат интересот на учениците за наставната содржина, ги мотивираат и сетилно целосно ги ангажираат. Преку филмот многу полесно се сфаќа материјата, отколку кога таа се објаснува вербално. Ако добро се изберат и користат таму каде што е неопходно, филмовите овозможуваат успешнбо учење и трајно задржување на информациите. Истражувањата, исто така, покажале дека наставните филмови го поттикнуваат интересот за читање кај учениците. По гледањето на филмовите учениците сакаат да прочитаат некоја книга за темата на филмот. Логично, со читањето тие го збогатуваат својот јазичен израз.

Кога го избира филмот за прикажување на учениците, наставникот мора да утврди дали тој ги задоволува неопходните барања:

- не смее да се случи да има грешки во податоците (година на историски случувања, надморска висина на планини, име на некоја личност)
- информациите дадени во филмот мора да бидат точни
- филмот треба да одговара на возраста на учениците
- наставниот филм мора да биде заснован на наставната програма и да биде во функција на реализација на одредена наставна тема.

Наставниокот мора да води сметка и за техничките карактеристики на филмот. Тоа значи дека фотографијата во филмот треба да биде добра, бидејќи нејасната слика ги остава гледачите емотивно индиферентни. Ако копијата на филмот е лоша, тогаш и сликата и тонот ќе бидат лоши (ако е тонот и говорот во филмот се лоши и нејасни, ученикот нема да може добро да ја разбере содржината на истиот). Квалитетот на сликата и тонот често зависат и од тоа во каква состојба се уредите за прикажување (кинопроектор, звучници и затемнување). Сцените во филмот треба логично да се нижат една за друга, тие треба да бидат смислено поврзани. Со наставниот филм треба да оди и упатство за користење, наменето за наставникот.

Наставникот треба да ги подготви учениците за гледање на филм. Содржината која и претходи на темата обработена во филмот треба да се повтори, бидејќи во тој случај учениците полесно ќе го разберат филмот. Интересирањето на учениците може да се поттикне и со давање на посебни текстови на учениците, да ги прочитаат и да разговараат за тие текстови. На учениците може однапред да им се фокусира

вниманието со тоа што ќе им се зададат прашања на кои ќе треба да одговорат по проекцијата. На тој начин, нивното внимание ќе биде насочено на тоа што е битно. По проекцијата треба да се средат впечатоците од видениот материјал. На учениците треба да им се овозможи, по завршувањето на проекцијата, да прашуваат и да бараат објаснувања. Разговорот треба да се насочува, така што на крајот да се извлече суштината која учениците треба да ја запомнат и трајно да ја задржат[14].

Мултимедиски видео проектор (БИМ-проектор)

Мултимедискиот видео проектор спаѓа во новата мобилна генерација на суперкомплетни, лесни и многу чувствителни дидактички видео-медиуми. Основните карактеристики на овој медиум можат да се изразат со синтагмата: мало, лесно и блескаво, светло.

а разлика од претходната генерација на БИМ проекторите кои биле големи, тешки до 100 килограми и со скромни перформанси, новата генерација е поминијатурна, помоќна и поефтина. Овие карактеристики, мултимедискиот видео-проектор го класифицираат во категоријата - најважни дидактички медиуми во училиштето.

Наставната просторија не мора да се затемнува, бидејќи проекцијата е добра и во осветлена училница. Сликата има боја и е многу контрастна. Најсветлата точка е поконтрастна и од најтемната (и тоа до 300 пати). Проекцијата се остварува во 16,7 милиони бои. Форматот на проектираната слика се движи од 0,5 до 7,6 метри. Целата површина на која се проектира е рамномерно осветлена.

Наставникот со далечински управувач може при прикажувањето да подвлекува некои детали, да ги става во квадрати и елипси. Со тоа се фокусира вниманието на учениците на тоа што е главно. Сликата ја следи стерео звук, бидејќи проекторот има два стерео-микрофони. Апаратот е многу лесен, нешто полесен од 7 клилограми и може лесно да се пренесува.

Со негова помош можат да се проектираат мултимедиските материјали, видео филмовите и компјутерските податоци, што го прави употреблив и во многу сложени и наставни ситуации. На него можат да се приклучат два компјутери и еден видео-извор, на пример, телевизор или видео-рекордер. Така материјалот може да се пренесе од еден на друг медиум, а тоа да не пречи на прикажувањето[15].

---

14 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга".

15 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга".

ЛЦД-панел

ЛЦД-панелот спаѓа во најновата генерација на дидактички медиуми. Со помош на овој уред се овозможува поврзување и соработка со повеќе други електронски дидактички медиуми. Со посредство на ЛЦД-панелот можат да се прикажат компјутерски податоци, видео слики од сите стандарди, да се извршуваат мултимедиски презентации со стерео звук од повеќе извори на информации.

По пат на ЛЦД-панелот можат да се поврзат различни дидактички медиуми (компјутер, графоскоп, БИМ-проектор), различни извори на податоци и да се врши нивна презентација на екран во големина, која одговара на просторијата односно на големината на групата ученици на кои им се даваат соодветните визуелни информации.

ЛЦД-панелот е опремен со видео приклучок, со звучник, како и со инфрацрвен далечински управувач.

ЛЦД-панелот е компатибилен со персоналните компјутери. Преку адаптер може да се поврзува и со останатите дидактички медиуми.

ЛЦД-панелот овозможува наставата да се организира на повисоко ниво на мултимедиска презентација. Со тоа значително се зголемува ефикасноста на наставаната работа, а учениците во поголем степен се мотивираат за работа на часот[16].

Универзален видео проектор

Универзалниот видео проектор се состои од видео камери и лежиште на кое се става одредениот материјал за проектирање и две конзоли, со кои се осветлува дидактичкиот материјал кој се снима преку минијатурна видео камера.

Универзалниот видео проектор е поврзан со монитор или со некој друг видео дидактички медиум.

Овој медиум исто така, овозможува предметите снимени со видео камера јасно и зголемено да се проектираат на колор монитор. Со негова поммош лесно се зголемуваат деталите од географските карти, сликите, печатените материјали, што е корисно кога на учениците треба посебно да им се насочи вниманието, односно да се издвои битното од масата на останати факти.

Со оглед на тоа што главата на проекторот лесно се движи, можно е предметите да се снимаат од различни агли и рачно да се проектираат. Со овој метод можат д ас

---

16 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III*, Београд: „Научна книга".

еснимаат и пишани материјали (скици и документи) во А-4 формат. Може да се користи и како видео-камера за снимање прилози во наставата кои ше се емитуваат преку видео-рекордер, а со помош на адаптер може да се снимаат и предмети под микроскоп.

Со користење на видео-камера во боја, овој медиум прикажува тродимензионални објекти, како и мапи, цртежи, книги итн. Сликата се прикажува на телевизиски екран, на компјутерски монитор или на проектор, па не е неопходно да се обезбедат посебни услови (како што се затемнета просторија, фолија и слично). Со камерата лесно можат да се видат објекти од различни агли, како и да се сними цела презентација.

Универзалниот видео проектор е соодветен и економичен за примена во училиштата, кога се прикажуваат наставни материјали, потоа во јазичните лаборатории и интерактивните мултимедиски училници[17].

Телевизијата во наставата

Сите одлики на звучниот филм, во исто време се и одлики на телевизијата. Во телевизискиот прилог споени се сликата, движењето и звукот, исто како во некј филм од кино репертоар. И на телевизијата е можно забрзано и забавено снимање, примена на микрофотографија (зголемување) и анимација. Но, во однос на филмот, телевизијата има една голема предност. Со неа може да се постигне апсолутна актуелност. Телевизијата му овозможува на гледачот да присуствува на некој настан што се случува во најоддалечениот дел од светот.

Тоа може многу добро да се користи и во наставната практика. Преносот од театарска претстава, концерт, изложба, може да се поврзе со наставната програма и на тој начин да го освежим актуелизира и да го подобри квалитетот на наставниот процес. Со посредство на телевизиските камери учениците можат да присуствуваат на часот кој го држи истакнат наставник од училиште во друг град.

Посебна вредност за наставата се училишните програми на телевизиските куќи, специјално подготвени за наставните потреби. Таквите емисии наменети за учениците се работат според наставната програма, а во подготовката и реализацијата учествуваат тимови реномирани експерти. Меѓутоа, и кај телевизијата, како и кај радиото, постои истиот проблем - времето на емитување тешко може да се усогласи со распоредот на

17 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга".

часови и моменталните потреби на училиштето. Овој проблем може да се реши со снимање на овие емисии на видео касети кои подоцна со помош на видео-рекордер и телевизор може да се емитуваат тогаш кога тоа ќе биде неопходно, односно според програмата на наставникот.

Постојат три начини на користење на телевизијата во наставата:

а) Целината на наставниот час, или неговиот најголем дел, го сочинува посебен телевизиски прилог во кој комплетно се обработени наставните единици. Прилогот однапред е подготвен и се емитува тогаш кога соодветната единица треба да се обработи. Значи, станува збор за единица посебно подготвена за наставни цели, а според барањата на наставната програма. Во овој случај задача на наставникот е да го утврди времето на емитување, учениците да ги подготви за тоа, а по прикажувањето да разговара со учениците за гледаниот прилог и да укаже на тоа што е битно.

б) Телевизискиот прилог е дел од формите кои се користат во текот на наставниот час. Излагањето на наставникот има исто значење како прилогот и не е само сведено на објаснување на виденото на екранот.

в) Телевизискиот материјал (инсерт, детал) служи како дополнување или илустрација на излагањето на наставникот (како очигледен и впечатлив доказ на тврдењето на наставникот). На пример, кога наставникот зборува за вулканските ерупции и за тоа како тие се манифестираат, како илустрација може да се емитува телевизиска снимка на некоја позната вулканска ерупција. Со тоа наставата добива конкретност.

Дидактичарите кои се занимаваат со проблематиката на наставните медиуми се согласни за тоа дека примената на телевизијата во наставата многу придонесува за квалитетот на наставната работа. Со своите одлики, телевизијата станала моќен наставен медиум. Меѓутоа, за да се искажат тие одлики како квалитет во наставата, неопходно е да се исполнат некои услови:

а) Неопходно е да се собере екипа од добри експерти од разни профили (истакнати наставници и познавачи на поедини наставни области, педагози, режисери и сниматели) кои, според наставната програма, ќе подготват серија наставни емисии со висок квалитет.

б) Во подготовката на телевизиските емисии наменети за наставата треба да се обезбедат и користат најдобри постоечки материјали и филмски фондови кои можат да дадат најголем ефект во наставниот процес. Ако се работи за наставниот филм од физика или хемија, се подразбира користење на оние лаборатории и кабинети кои ги имаат овие средства за добра презентација на соодветната наставна материја.

в) Добро подготвените телевизиски емисии наменети за наставата, треба да се снимаат на видео-касети и да се направат достапни за училиштата за да можат да им бидат емитувани на учениците според динамиката на остварување на наставната програма.
г) Наставниците мора да бидат подготвени за прикажување на телевизиските емисии на учениците (мора точно да знаат кои наставни цели можат да се остварат со одреден телевизиски прилог). Во текот на самото емитување можат да се направат мали паузи за да се истакне важноста на некои детали[18].

## Видео рекордер и видео касети во наставата

Видео рекордерот е техничко средство со кое телевизиската програма се снима на видео лента и подоцна по потреба се емитува на телевизискиот екран.

Наставникот избира кои емисии од телевизиската програма наменета за училиштето или за поширокиот адиториум ќе ги сними, за подоцна да ги користи во наставата. Предноста на видео рекордерот е во тоа што телевизиската слика може да се "замрзнува", со цел наставникот да прокоментира некоја важна сцена, некој детал за да ги упати учениците на тоа што е суштинско. Друга важна можност е враќање на видео лентата station наназад за повторно да се погледне дел од прилогот кој веќе е емитуван.Тоа се практикува кога станува збор за некој сложен сегмент на содржината кој бара посебно објаснување. Сите предности кои ги има наставниот филм и филмот воопшто ги има и видео лентата[19].

## Микрокамера за снимање на видео материјали

На развиено училиште, кое самото ги подготвува видео-материјалите за наставните потреби, неопходна му е и камера за снимање. Многу соодветна за таа цел е микрокамерата. Тоа е мултимедиска камера во боја, мала и едноставна за ракување. Со неа можат да се снимаат учениците и наставниците во текот на наставната работа, училишни приредби и свечености, наставни материјали и предавања. Микрокамерата поврзана со микроскопот и со видео проекторот овозможува набљудуваните приомероци од микроскопот да се пренесат на проекциското платно. Не е потребно учениците поединечно на микроскопот да набљудуваат одреден примерок[20].

---

18 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга”.
19 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга”.
20 Вилотијевиќ, М. (2000). *Дидактика III,* Београд: „Научна книга”.

# 3. Телевизијата како едукативно средство

Поаѓајќи од фактот дека телевизијата како медиум го исполнува слободното време на стотици милиони гледачи ширум светот, бројни педагози и други стручни лица уште пред 50-тина години се обиделе да ја откријат образовната вредност што може да се добие преку телевизискиот екран.

Во телевизијата секој, согласно своите потреби, желби, интереси и убедувања го наоѓа она што го исполнува. Бидејќи се дошло до сознание дека воспитно-образовниот потенцијал што го крие во себе овој медиум може многустрано да се исползува, образовната телевизија денес со право се смета за најактуелно аудио-визуелно наставно средство. Постои лепеза на можности за визуелизирање на наставните содржини. Во рамките на тие можности, образовната телевизија зазема видно место. Учениците визуелизираните информации ги примаат брзо, како целина и непосредно ги доживуваат.

Но, и покрај тоа што претставува наставно средство, образовната телевизија денес мошне успешно се третира и како комуникациски систем. Пораката, јасна по содржина и форма се движи од давачот на информацијата (образовната телевизија) кон нејзиниот примач (ученикот).

Со примената на образовната телевизија, образовниот систем влегува во квалитативно нов период кој се одликува со висок степен на ефикасност при остварувањето на воспитно-образовните цели и задачи[21].

Примената на образовната телевизија во наставата е еден од начините и можностите наставната работа да се модернизира, а со тоа да се надмине традиционалниот начин на работа. Со примената се развиваат и усовршуваат нови форми, методи и модели на наставна работа. Во тие рамки образовната телевизија се јавува како носител на тенденцијата да се надминат застарените, стереотипни и стерилни облици на наставна работа.

Со помош на образовната телевизија полесно може да се организира, контролира и следи работата на ученикот; наставникот ја рационализира својата работа, воспоставува побрз и едноставен контакт со учениците; ја зголемува способноста на учениците за помнење; се активираат сите негови сетила; се намалува влијанието на факторот заборавање.

---

[21] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

Со помош на образовната телевизија процесот на учење се олеснува и динамизира. Ученикот кој усвојува знаење преку гледање образовна телевизиска програма е ставен во ситуација да учи. Тој учи на таков начин што со своите сетила ги восприема информациите кои како визуелни и аудитивни елементи се пренесуваат преку телевизискиот екран.

Образовната телевизија пренесува знаења и создава услови за учење. Ги развива когнитивните способности на учениците, критичкото мислење и нивниот креативен потенцијал. Образовната телевизиска програма која е создадена согласно дидактичките принципи и методските сознанија, овозможува процесот на учење да тече на начин достапен и на учениците.

Учењето по пат на образовната телевизија ќе биде поефикасно ако образовнат апрограма ги поттикнува учениците да размислуваат за она што го поставува како проблем. При тоа, телевизијата не дава готови одговори и решенија,туку нуди повеќе алтернативи за решавање на проблемот.

Образовната телевизија е значајна и за општиот развој на ученикот. Со помошна телевизијата "*се создаваат услови учениците слободно да се искажат како личности во процесот на наставата и воспитанието*".

Со примената на образовната телевизија во наставата, измени претрпува воспитно-образовниот систем во целина. Дефинирањето на цели и задачи добива нови, посовремени димензии.

Примената на образовната телевизија во наставата ги руши досегашните односи меѓу учесниците во тој процес-наставникот, учениците и наставаната материја. Наставникот веќе не е единствен извор на знаење и неговата функција се проширува и изменува. Учениците стануваат активни субјекти кои директно влијаат врз она што го усвојуваат. Тдарициоалниот триаголник станува четириаголник, дури и петоаголник. Бидејќи се наоѓаме пред револуција во технологијата на образованието, разбирливо е што новото време бара нова стратегија во организирањето на наставниот процес[22].

Неконтролираната употреба на телевизијата може негативно да делува врз младата личност. Во таа смисла, родителите и наставниците се фактори кои треба да го насочат детето кон првилна употреба на овој медиум. Кај детето треба да се формира телевизиска култура врз основа на која тоа ќе го создаде својот однос кон телевизијата. Најважно е детето -ученик да научи само да ги препознава оние телевизиски содржини кои изобилуваат со шунд и кич и да ги избегнува. Корисно е селективното гледање

---

[22] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл".

телевизија, а штетно е она гледање кое се остварува како супституција за културното и духовното збогатување на децата преку книгата, театарот, спортот, дружењето со врсниците. Ако телевизијата се користи како механизам за бегство од реалниот живот, постои опасност детето да се развие во личност од крајно интровертен тип.

Телевизијата позитивно ќе влијае, ако детето-ученик се насочува да ја следи образовната телевизиска програма. Доколку оваа програма учениците не ја следат во училиште, туку дома, без препорака од страна на наставникот, станува збор за следење на образовна телевизиска програма во слободно време. Притоа учениците можат да следат образовни емисии од области кои ги учеле претходните учебни години, кои ги учат во тековната година, како и образовни емисии кои говорат за се уште непознати поими и содржини.

Образовен потенцијал содржат и други видови телевизиски програми, а не само емисиите кои ја носат придавката "*образовна*" во својата определба. Тоа се емисии од областа на општествено-политичкиот живот, научни програми, информативно-документарни емисии, разни културни, спортски и музички манифестации, хуманитарни манифестации, како и сериски и играни филмови со корисна порака. Ваквите телевизиски емисии го зголемуваат нивото на општата култура и претставуваат незаменливо средство за самообразование[23].

Сепак, треба да се прави разлика меѓу систематската образовна програма и емисиите кои не спаѓаат во тој домен по својата првична определба. "*За разлика од останатите радио- телевизиски програми кои во себе-иако во прв ред се информативни, културни или забавни-носат и едукативна порака, систематскитеедукативни програми инсистираат на пренос на одреден квантум на заења и нивно усвојување, а како трајна цел и примена*"[24].

Воспитно-образовните вредности на образовната телевизија произлегуваат од нејзината природа (технолошко достигнување со врвни квалитети), како и од можностите за примена во наставата што ги нуди. Воспитно-образовните вредности на образовната телевизија се прошируваат кога ќе се имаат предвид нејзините функции како наставно средство и како комуникациски систем. "*Наставните средства кои со својата конструкција ги објаснуваат, а не само прикажуваат предметите ја надминуваат сетилната очигледност. Тие, под услов методски правилно да се*

---

[23] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

[24] В. Бриглијевиќ: Мјесто и улога телевизије у суставној образовној акцији, Живот и школа, Осијек, 1979 г., 3-4, стр. 154

*применат, импулсивно дејствуваат врз мисловните активности и имаат голема воспитно образовна вредност"*[25].

Образовната телевизија како такво наставно средство, кое ги прикажува причинско-последичните врски и односи и нуди можност за перципирање изобилува со воспитно-образовни вредности.Воспитно-образовните вредности на образовната телевизија ја определуваат нејзината примена во наставата. Тие се индикатори врз чија основа се идентификува образовната телевизија како современо наставно средство.

При определувањето на воспитно-образовните вредности на образовната телевизија може да се поаѓа од различни појдовни основи. Најиздржани се оние определби кои прават една целина по однос на ефективноста на образовната телевизија, односно она што образовната телевизија го постигнува во наставата[26].

Според Т. Продановиќ, основни едукативни вредности на образовната телевизија се:

1. *"Рационализација и оптимализација на воспитно-образовната работа;*
2. *Флексибилност и демократизација на системот на воспитание и образование;*
3. *Максимален степен на технолошко достигнување;*
4. *Полифункционални и мултидимензионални педагошки и андрагошки ефекти;*
5. *Висок степен на тимска дидактичка и методска работа во воспитанието и образованието;*
6. *Перманентна актуелизација на воспитанието и образованието;*
7. *Современа таксономија во воспитно-образовната работа;*
8. *Економизација на релевантни фактори на воспитанието и образованието;*
9. *Интернационализација на клучни решенија во сферата на воспитанието и образованието;*
10. *Повисок степен на поврзување на истражувачката и воспитно-образовната работа"*[27].

Како функционална синтеза на бившите едукативни медиуми (слика, тон) и како постојано отворен "прозорец кон светот", телевизијата станува ненадоместлив интеграциски фактор на воспитно-образовната работа.

---

[25] Б. Прокиќ: *Рационализација образовања и адекватност статистичких и динамичких наставних средстава,* Београд, 1975 г, стр.22.

[26] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

[27] Т. Продановиќ: Телевизијата како фактор на модернизација на воспитание и образование, во зборникот Изображевална технологија, Љубљана, 1973 г., стр. 82-83

Наведената определба на воспитно-образовните вредности на образовната телевизија е сеопфатна и комплексно ги зафаќа суштинските моменти од воспитно-образовната работа, кои со примена на образовната телевизија целосно и валидно се реализираат.

Воспитно-образовните вредности на образовната телевизија можат да се истакнат преку следните определби:

- образовната телевизија информира на начин кој му овозможува на ученикот длабоко и целосно да ги сфати појавите и предметите;
- образовната телевизија забележува движење, процеси, промени и овозможува целосно доживување за она што се гледа;
- образовната телевизија овозможува набљудуваната појава или процес да биде прикажана во повеќе состојби (зголемена, намалена, забрзана, успорена);
- образовната телевизија применета во наставниот час ги мотивира учениците, го буди нивниот интерес, го поттикнува нивното внимание, го развива мислењето;
- образовната телевизија нуди можности за сфаќање на причинско-последичните врски и односи меѓу предметите и појавите;
- образовната телевизија покажува предели недостапни за секој човек;
- образовната телевизија го насочува вниманието на ученикот кон она што е дидактички вредно и оправдано;
- образовната телевизија применета во наставата овозможува заштеда на време при реализацијата на наставната програма;
- образовната телевизија може да делува и воспитно врз младата личност.

Мошне важно е да се непомене дека при определувањето на воспитно-образовните вредности на образовната телевизија треба да се почитува правилото за одмереност и прецизност. Во спротивно постои опасност истите да бидат прикажани претесно или прешироко, или пак, некои ирелевантни воспитно-образовни вредности да бидат прикажани како суштински[28].

Кога се говори за можностите и за квалитетите на образовната телевизија, тие никогаш не треба да се предимензионираат. Образовната телевизија не треба да се стави во супериорна надреденост над другите наставни средства. Ефикасна настава ќе има само при нејзина правилна методичка комбинација со другите наставни средства. Дополнувањето со другите наставни средства, и на некој начин зависноста од нив, најреално може да се види во оние емисии во кои се употребени "класичните" наставни

[28] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

средства: цртежи, слики, фотографии, шеми, графикони, дијафилмови, фланелографи, мапи, глобуси, модели и др.

Но сепак колку и да е значајна образовната телевизија не треба никогаш да се става во улога на универзален, сеопфатен и семоќен медиум и наставно средство со неограничени можности. Постојат наставни ситуации кога образовната телевизија, односно нејзината примена, би ја нарушила компактноста на атмосферата во одделението. Само умереното и правовремено користење на телевизијата ќе ги даде саканите резултати.[29]

## 3.1 Видови на телевизиски емисии

Постојат многу начини да се подели телевизиската програма на видови, така што детската програма би била еден од тие видови. Еден од најприфатените и најпрепознатливите меѓу публиката е поделбата на следниве категории:

Вести - програма што служи за известување за домашните и за светските настани. Тоа може да биде програма што ги прикажува вестите како што се случуваат или во редовни блокови, најчесто по два-три пати дневно. Освен со информирање за дневните актуелности, овие емисии се занимаваат и со анализи и со истражувања за општествените и за политичките теми што го засегаат одредено општество или светот во целина.

Спорт - покривање спортски настани. Овие програми се состојат од директни преноси или од снимки од спортските натпревари (фудбал, кошарка, ракомет, бокс, велосипедизам и во многу други спортови). Но во оваа категорија спаѓаат и информативни блокови, студиски емисии, интервјуа, анализи, занимливости и многу други содржини поврзани со спортот.

ТВ комедии - телевизиски програми и серии наменети за забава и за рекреација на гледачите, пред се со комична содржина. Се нарекуваат и ситуациски комедии затоа што подразбираат следење на однесувањето на неколкумина постојани ликови во одредено опкружување и околности. Самите ликови се измислени, но дејството често се обидува да го имитира реалниот, секојдневен живот и на тој начин да претстави ситуации што би можеле да се сметаат за несекојдневни.

---

[29] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

ТВ драми - телевизиски програми и серии наменети за рекреација, но кои имаат потешка содржина од комедиите, па може почесто во себе да содржат поента или поука, наместо да служат исклучиво за забава. Како и кај телевизиските комедии, така и кај овие содржини, почести се случаите во кои секоја епизода си е самата за себе, а ако гледачот ги познава ликовите не би му било пречка да пропушти една епизода и да ја гледа наредната

Сапунски серии - познати и како сапунски опери, кои го следат секојдневниот живот на одредена група луѓе. За разлика од другите видови играни телевизиски серии, кај сапунските опери најчесто епизодите се надоврзуваат една на друга, па пропуштањето на едната би значело дека гледачот ќе треба да го надополни загубеното и некои дејства може да не му бидат доволно јасни во понатамошното следење. Токму поради оваа карактеристика, овие серии се стекнале со огромна популарност со текот на времето и имале најредовни гледачи, споредено со другите видови телевизиски емисии.

Документарни програми - по дефиниција, ова се емисии со кои се документира реалноста, вистински настани и појави од животот, од разни области. Кај овие видови програми има најголемо испреплетување на информативната, едукативната и на рекреативната компонента, затоа што документарните филмови најчесто ги имаат сите три, но со различен сооднос. Која ќе доминира зависи од содржината, па така на пример тие за вселената или за живиот свет се претежно едукативни, тие што третитаат одредени историски настани имаат главно информативен карактер, а оние посветени на животот на познатите се пред се рекреативни.

Цртани филмови - програми што се состојат од анимирани ликови и дејства. Постојат анимирани филмови за сите возрасти иако поголемиот број се за деца, но некои не само што не им се директно наменети на помладите, туку се препорачува тие да не ги следат воопшто, па се одбележуваат како програми од трета (за 12 години или постари), четврта (за 16 години или постари) или дури од петта категорија (за 18 години и постари).

Детски програми - емисии што им се директно наменети на децата и кои служат за нивна рекреација или едукација, како и за директна интеракција со нив. Меѓу разните видови телевизиски емисии, емисиите за деца имаат најголем број подвидови, токму поради тоа што опфаќаат и други видови програми (документарни филмови, играни серии и сл.), но со содржини приспособени за помладата возраст.

Патувачки репортажи - најчесто емисии со кои што се прикажуваат дестинации за патувања и за годишни одмори, во кои се опишуваат активностите, знаменитостите, условите за патување и за сместување и слично.

Студиски програми - емисии што се емитуваат од студио или се снимаат во студио заради подоцнежно прикажување. И ова е категорија што има доста подвидови, на кои главната заедничка точка што ги поврзува е начинот на изработка на програмата. Можат да бидат утрински програми, политичко-економски или општествени дебати, интервјуа со важни личности, интервјуа или шоуа со гости од естрадата и други популарни личности, квизови и натпревари и слични интерактивни содржини итн. Во студиските програми спаѓаат и разни практични емисии, како тв-готвачите, кои во кујна во студио подготвуваат храна.

Реална ТВ - реални шоуа во кои претежно се следи животот на луѓе од секојдневието. Тие може да бидат на отворено и слободно да се движат насекаде, или да бидат затворени во одреден простор што е обично на локација непозната за јавноста и што учесниците не смеат да го напуштат. Реалните шоуа може да имаат и натпреварувачки карактер, во кој одредена жири комисија или публиката преку гласање одлучува кој да го напушти шоуто, а кој да остане. Во таа смисла, во некои од овие шоуа учесниците имаат конкретни задачи што треба да ги извршат или, пак, треба да се докажуваат во некои свои вештини (пеење, играње, готвење), па одлуката за тоа кој продолжува понатаму, а кој ја напушта емисијата се носи според строго определени критериуми. Во другите шоуа, пак, лицата што учествуваат се само затворени во одреден простор во кој што можат да прават речиси што сакаат, поточно да се однесуваат како и секој ден дома, а публиката одлучува кој ќе остане до крајот со гласање, врз основа на тоа кој им е најинтересен.

Сите телевизиски емисии можс да сс применуваат преку три системи и тоа систем на отворен круг, систем на затворен круг и видео-касетен систем.

Систем на отворен круг

Во системот на отворен круг "*програмите на дифузната телевизиска мрежа можат да ги посматраат сите сопственици на телевизиските приемници на подрачјето кое го покриваат предавателите*"[30]. Како што истакнува д-р Петар

[30] Педагошка енциклопедија 2, Завод за учбениќе... Београд, 1989г., стр. 435.

Мандиќ: "*Овој вид програма претендира да има широко едукативно и општо општествено значење, широка културна мисија и универзална прифатеност*"[31]

Образовната телевизиска програма преку системот на отворен круг може да се реализира на следните начини:

1. Во рамките на секојдневната телевизиска програма во одредено време да се емитува образовна програма, која е резултат на тимска работа на педагози, психолози, наставници и други стручни лица во зависност од видот на образовната програма. Кај нас се применува овој начин на емитување на образовната програма во рамките на системот на отворен круг;

2. Преку телевизиското студио кое има исклучиво образовна функција ( технички, кадровски и организационо).

Значајно за системот на отворен круг е тоа што овозможува огромен број ученици одеднаш да стекнуваат извесно сознанија и да го прошируваат својот видокруг. Недостаток на оваа значајна страна е неможноста образовната програма од таков вид да биде прилагодена на индивидуалните можности и интереси на учениците. Друга позитивна страна е тоа што образовната програма може да се следи и дома и во училиште ( за што е потребен само телевизиски приемник). На извесен начин недостаток претставува тоа што наставникот не може претходно да ја гледа емисијата. Но, тој ќе ги подготви учениците врз основа на програмскиот распоред на емисиите што треба ( во вид на прирачник) да го добие од телевизиската куќа. Со употреба на видео-касетниот систем наставникот подобро ќе може да се подготви за наставата, бидејќи ќе може претходно да ја гледа емисијата (снимена на видео касета).

Од неодамна кај нас многу популарна е сателитската телевизија, која спаѓа во рамките на телевизиската програма од отворен круг. Неколкуте канали што преку сателит се пренесуваат во нашиот дом ни нудат можност да бидеме во тек со актуелните светски збиднувања од областа на културата, спортот, музиката, политиката и науката. За непознавачите на јазикот на кој се емитува програмата, говорниот дел од емисиите претставува бариера за целосно разбирање на содржината. Но, често и самата слика кажува повеќе од текстот, па ефектот од таквите емисии сепак не изостанува во целост.

Сателитската телевизиска програма може да се употребува за образовни цели: во рамките на наставниот процес или за самообразование. При употребата на сателитската телевизија во наставниот процес јазичната бариера може да се надмине. Емисиите со

---

[31] П. Мандиќ: Изабрана дјела, Осијек, 1988 г., стр. 277.

висок образовен потенцијал ќе се преснимат со видео-рикордер, ќе се преведат од страна на стручни лица и потоа на учениците ќе им се прикажат со симултан превод и по потреба со коментар од наставникот. На овој начин се надминува и проблемот околу несоодветството на терминот на прикажување на емисијата со наставната програма.

Постојат повеќе можности за примена на сателитската програма во наставата и воопшто за образовни цели:

- гледање цртани филмови за децата од предучилишна возраст (децата се заситени од цртани филмови што се емитуваат на нашата програма, па ова за нив ќе претставува ново и возбудливо доживување);
- при изучувањето на странски јазик ( кој е идентичен на јазикот на кој се емитува програмата) висок квалитет на научениот изговор ќе даде слушањето на литературен говор од матичното јазично подрачје;
- следењето на излагањата на афирмирани светски имиња од областа на науката за учениците претставува искуство од непроценлива образовна вредност;
- сеопфатното запознавање со далечните земји и културата ја заситува учениковата љубопитност и соодветствува со дел од наставната материја по одделни наставни предмети[32]

Систем на затворен круг

Системот на затворен круг е таков телевизиски систем чии програми можат да се следат преку оние телевизиски приемници кои директно со кабел се поврзани со изворот на слика и тон. Основната разлика на овој систем од класичниот, како што истакнува д-р Мирчета Даниловиќ, лежи во тоа што во него целиот циклус, вклучувајќи го предавањето и приемот на сликата, сс врши само во рамките на еден затворен систем. Во составот на системот влегува предајна камера, управувачки пулт и видео-приемен уред[33].

"*Системот може да се прошири со додавање на магнетоскоп, повеќе камери, телекино, режија, монтажни уреди и да се претвори во модерно телевизиско и школско студио*"[34]. Системот на затворен круг може да ги поврзе учениците во едно училиште или повеќе училишта во една област. Бидејќи телевизиската програма што се емитува преку овој систем е наменета за определена популација која работи по одредена

---

32 Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл".

33 Даниловиќ, Мирчета. (1971), *Перспективе савремене наставе*, Београд.

34 Педагошка енциклопедија 2, Завод за учбенике... Београд, 1989 г., стр. 435.

наставна програма, во нејзиното составување ќе учествуваат наставници кои ги познаваат учениците ( а воедно се и стручњаци од дадената област). Тоа ќе овозможи извесно прилагодување на телевизиските програми кон потребите и можностите на учениците и вклопување во планираната воспитно-образовна дејност на училиштето. Ако системот е наменет за определен вид стручноучилиште, емисиите ќе изобилуваат со информации и демонстрации од таа област.

Во последно време видео-касетниот систем го намалува значењето на системот на затворен круг. Бидејќи системот на затворен круг е скапа техника и бара тимска работа, се повеќе станува недостапен и ограничен систем на примена на образовната телевизија[35].

Видео-касетен систем

Видео-касетниот систем, како систем на примена на образовната телевизија, спажа во оние иновации во воспитно-образовната работа кои поради своите можности и функции можат целисходно да се применат.

Првична претпоставка за користење на овој систем во образовни цели е поседување на видео-рикордер и телевизиски приемник или монитор. Камерата, која претставува трет елемент од видеокасетниот систем, пожелно е да се поседува, но не од примарно значење.

Набљудувањето на она што се презентира на телевизискиот екран преку видео-рикордерот има свои специфичности, кои произлегуваат од карактеристиките и можностите на видеото како медиум кој посредува меѓу стварноста која се презентира и набљудувачот. *"Тој вид на набљудување е комплексен, зошто во традиционалната организација на набљудувањето, вообичаено е да се набљудува едно по едно својство на стварноста. Тоа од една страна е полесно зошто нема тешкотии при насочувањето и дистрибуцијата на вниманието на посматрачот, но од друга страна нема целосна слика на појавата. Набљудувањето преку телевизијата е комплексно и потешко се изведува. Учениците мораат истовремено да набљудуваат и аудитивни и визуелни елементи и меѓусебно да ги поврзуваат, а тоа претпоставуваспособност за дистрибуција на вниманието и способност за синтетизирање."*[36]

---

[35] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

[36] Бежич, К. (1983), *Технологија наставе и наставник*, Загреб

Значењето на видео-касетниот систем сфатено преку значењето на образовната телевизија, која за видеото претставува ресурс, можеме да го доловиме од искажувањето на д-р Емил Каменов, кој за аудио-визуелните медиуми вели дека *"поседуваат извонредни мотивациони потенцијали за гледачите, поттикнувајќи ги на критичко и селективно усвојување на презентираните информации, како и за понатамошно трагање по нив".*[37]

Со примената на видео-рикордерот како елемент од современата образовна технологија, се постигнува поголем степен на рационализација и интензификација на наставата. Квалитетот на наставата се подигнува на повисоко ниво. Таа станува поинтересна, мотивационо поприфатлива за учениците и структурално побогата. Притоа се тежи кон активна настава, односно се поголемо вклучување на учениците во наставната работа. Тоа се остварува преку комуникација на ученикот со наставникот, ученик со ученик, и условно речено ученик со видео-рикордер.

Телевизијата, а преку неа и видео-техниката се смета за феномен на нашата епоха кој е високо рангиран во цивилизациска смисла. Во тие рамки одат и размислувањата за нивна примена во наставата. Се она што во глобални рамки е неопходно, пресвртница, напредок, треба да се користи и во образовни цели. Тоа е во функција и на потребата од се поизразеното навлегување на демократските процеси во општествените текови[38].

## 3.2. Емисии за деца

Позитивното влијание на телевизиските програми врз детето како субјект, создаваат здрави личности,корисни за општеството. Тие можат позитивно да учествуваат во спречувањето на негативните општествени влијанија и да обезбедат формирање на идни здрави генерации.

Отсуството на соодветна програма за деца се надоместува со хиперпродукција на нискобуџетни програми со еднолични содржини,без да се води сметка за детето како субјект, кое минува низ период на "експлозивен" емоционален развој и кое со соодветна програма треба да се поттикнува на позитивна идентификација.

---

[37] Тодоровиќ, А. *Телевизиско чудо; Лукиќ, С.*Телевизија и култура, *Београд, 1978 г., стр. 21-22*

[38] Никодиновска-Банчотовска, Сузана. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл“.

Телевизиската програма за деца е разновидна според својот жанр и содржина:

Оттука проблемски може да се зборува за три клучни истражувачки сегменти.1) телевизиска продукција за деца, 2)детето како субјкект. 3)влијанието на играната телевизиска програма вр детето како емоционален субјект.

Првиот сегмент е телевизиската продукција за деца,која е разновидна жанровски,содржински и различно форматирана, според начинот на кој се обработува дадената тема или приказна,содржински е според избраната содржина која им се пласира, а форматот е според возраста и е поделен на неколку видови на програми.

Од жанровски аспект најинтересна е играната програма за деца која е богат програмски разновиден сегмент и која содржински има мошне позитивно влијание врз психолошкиот, воспитниот и социјалниот развој на децата. Односно, програма која активно учествува во процесите на социјализација и едукација на децата. Оттука произлегува и потребата овој проблем научно ,продлабочено и детално да се истражува.

Вториот сегмент е детето каако субјект и објект ,кое има место на телевизискиот екран и тоа не само во програмите наменети за деца,туку и во оние за возрасни.Еден дел од програмите се наменети за деца и тука детето е поставено како објект. Сепак, голем дел се програмите каде детето е субјект најчесто во програмите од игран и документарен карактер. Во овие програми детето ја презема улогата на вистински професионалец со сите обврски кои му се дадени на учење и играње на дадената улога,позитивна или негативна.

Третиот сегмент е влијанието на телевизиската играна програма врз детето какао емоционален субјект.Секоја телевизиска програма има свои белези и своја моќ со која влијае врз емоционалното однесување на децата каако субјекти.Овие програми на детето му раскажуваат проказна,измислена бајка,дел од животот,басна или нешто друго што треба да се следи. Содржината задолжително има борба меѓу доброто и злото ,иако во неа секогаш има и неколку други помали дејствија кои го надополнуваат и објаснуваат главното дејство.За овие програми е карактеристично што содржат многу ликови и децата имаат можност да изберат со кој од нив ќе се идентификуваат[39].

---

39 хттп://катпродукција.цом.мк/мк/доц/ПРЕЗЕНТАЦИЈАЗАПРОМОЦИЈА1.пдф

## 3.3 Видови на емисии за деца

Според досега изложеното, интересот кај децата го пробудуваат разни видови телевизиски емисии, забавни, спортски, документарни, па и такви со криминалистичка содржина. На телевизијата и требале децении за да им обрне посериозно внимание на децата и да создаде посебни емисии за нив, но особено од 1980-тите години наваму нивниот број постојано се зголемува. Поради тоа, сé што може да се подведе под категоријата детски емисии, може да се подели според разни критериуми во повеќе поткатегории. За потребите на ова истражување ќе ги поделиме според техниката на изработка, според содржината и според целта што треба да се постигне со нив.

Ако ги разгледаме детските емисии според тоа како биле подготвени, ќе ги добиеме следниве поткатегории: анимирани програми, снимени програми и студиски програми.

Анимираните емисии, или цртаните филмови, се емисии кои се рачно нацртани или се направени на компјутер, но на начин што изгледа како да биле направени со рака, а сепак во нив содржат приказна, дејство и заплет. Самата анимација, како техника, значи забрзано прикажување слики или позиции една по друга, така што се создава илузија на движење. Во почетокот беа емитувани во определени термини на општите телевизиски канали, а со развојот на кабелските телевизиски системи, се создадоа и посебни канали на кои се емитуваат цртани филмови по 24 часа (Картун нетворк, Бумеранг, Никлодеон и други). Цртаните филмови се првата асоцијација кога се зборува за телевизиска содржина за деца. Сепак, некои од нив воопшто не се препорачливи за детската публика од регулаторните тела, иако се анимирани програми, затоа што може да содржат сцени на насилство, непристоен јазик и други несоодветни содржини (Саут парк, Симпсонс, Бивис и Батхед). Обидите да се изработуваат анимирани содржини датираат уште од 19 век, кога се користеле примитивни техники и апарати, кои статичните илустрации ги менувале со доволно голема брзина за да создадат впечаток на движење и на дејство. Секако, анимацијата во денешна смисла на зборот почнала да се развива со појавата и со развитокот на кинематографијата, а Волт Дизни со неговиот лик Мики Маус бил пионер во оваа нова област и ги поставил темелите на нешто што подоцна ќе стане мултимилионски продукциски бизнис. Низ светот се создале многу школи на анимација, секоја со посебен, динстинктивен стил, најчесто поврзани со регионот од каде што потекнувале и од неговите традиции. Денес најпопуларна е компјутерски генерираната 3Д анимација, со која се создава впечаток на тридимензионална слика. Освен што се изработуваат сосема нови содржини со оваа

технологија, многу класични анимирани филмови и серии за деца добија свои 3Д верзии во поново време (Шоуто на Гарфилд).

Снимените телевизиски програми за деца технички по ништо не се разликуваат од другите играни филмови и серии, или, пак, од документарните програми, што се прикажуваат на телевизиските екрани. Станува збор за добро познатиот систем на подвижна слика, поточно подвижна фотографија, во која се забележуваат и се зачувуваат фотографии на филмска лента со голема брзина, а подоцна се прикажуваат исто така со голема брзина, за да се добие впечаток на дејство. Слично како кај анимацијата, и овде станува збор за техника што ја користи брзината за да го претвори неподвижното во подвижно, но суштинската разлика е во тоа што во овој случај се користат фотографии од вистинско дејство, а не нацртани со рака или компјутерски генерирани така што би изгледале дека се рачно направени. Токму тоа ја создава потребата од наоѓање вистинско дејство во надворешниот свет кое што би се снимало (најчесто за потребите на документарните програми) или од создавање дејство според однапред подготвено сценарио и со користење актери и соодветна сценографија (за играните програми). Повеќето програми изработени на овој начин не им се наменети исклучиво на децата, туку главно на целата телевизиска публика без разлика на возраста. Оние што се окарактеризирани како детски претежно се играни содржини во кои главни актери се децата (Булки крај шините, од нашата продукција), екранизирани детски приказни со актери на различна возраст (Македонски народни приказни), или документарни содржини приспособени на школската или на претшколската возраст (во кои добар дел заземаат емисиите за природата и за животинскиот свет).

Студиските програми се исто така посебен вид детски телевизиски содржини според начинот на кој што се изработуваат. Станува збор за емисии што се подготвуваат во телевизиско или во продукциско студио, а во кои често учествуваат и децата, иако тоа не мора секогаш да биде случај. Како и кај другите студиски програми, домаќинот (водителот) на емисијата директно им се обраќа на гледачите, што, барем по дефиниција, ги прави овие програмски содржини различни од анимираните и од играните. Во некои дејството се случува само во студиото и без редовно, туку само со повремено учество на децата во нив (Пет плус), во други децата имаат загарантирано учество во секоја епизода, но исто така се се одвива во студиски рамки (Пулсиквиз), а во трети има комбинација од студиски дел и дел снимен, односно емитуван од надворешен простор (Супер ѕвезда). Студиските емисии за деца може да бидат емитувани во живо или, пак, снимени и прикажани подоцна. Понекогаш, програмите што се емитуваат секој ден од работната недела, а во кои е потребно учество на децата

од училишна возраст, се снимаат во деновите од викендот, по пет епизоди секоја сабота или недела, за да има по една за секој ден од понеделник до петок, бидејќи на тој начин учениците можат да учествуваат во нив без да отсуствуваат од часовите (натпреварот во видео игри Фабрика за забава).

Поделбата на детските телевизиски емисии според содржинскиот критериум е најширока од сите. Теоретски, овој критериум може да оди од еден до друг екстрем, од тоа дека постојат само детски содржини во најшироката смисла на зборот, до тоа дека секоја емисија си е посебна содржина, различна дури и од претходната епизода на истата серија, што би било најтесна и најдетална поделба. За потребите на ова истражување програмите наменети за децата според содржината ќе ги поделиме на едукативни предавања, екранизирани приказни, музички емисии, квизови и натпревари, како и интерактивни емисии без натпреварувачки карактер. Всушност, оваа категоризација се однесува само вкупните детски телевизиски содржини што се прикажуваат, не и на посебните емисии за деца, затоа што чести се случаите кога во нив се испреплетени разните содржини (предавачки, натпреварувачки, музички и слично), или, пак, се поделени во посебни блокови.

Едукативните предавања се програми во кои има директно обраќање и пренесување пораки кон детето, но тоа е нивен пасивен гледач и слушател, а содржините што се примаат на тој начин содржат податоци и информации кои се нови и го збогатуваат знаењето од разни области. Може да бидат приспособени на разни возрасти, па така за претшколска возраст постојат содржини што им помагаат на децата да ги научат боите, звуците, формите и слично, на рана училишна возраст им помагаат да ги надградат знаењата што ги добиваат на училиште (Бушава азбука, разни емисии за математика, за хемиски експерименти и слично), а на подоцнежна училишна возраст може да им понудат нови знаења и содржини од разни области, слично како и документарните филмови за генералната публика (содржините се однесуваат на живиот свет, на вселената, на индустрискиот развој итн.), со тоа што тие за помладите имаат речник и стил приспособен на возрасните групи на кои им се обраќаат. Тие не се единствените програмски содржини за деца од едукативен карактер, но главно се разликуваат од другите содржини по тоа што пренесувањето едукативни пораки им е примарната цел.

Под екранизирани приказни може да се подведат сите анимирани и играни филмови или серии што се емитуваат на телевизиските канали, со содржини наменети за децата. За нив е заедничко што се најчесто фиктивни и што со нив визуелно се претставува едно дејство (приказна) на класичен начин, со експозиција, заплет,

кулминација и со расплет. Самата структура и сложеноста на приказната зависи пред се од целта на емисијата, па таа може да варира од едноставни бркотници (Том и Џери) до емисии со поука (Македонски народни приказни). Но тие не може строго да се поделат на забавни и на образовни, бидејќи сите си го наоѓаат своето место некаде помеѓу овие два екстрема, односно нудат одредена комбинација од забавна и од едукативна содржина, што значи дека и наједноставните може да имаат некоја поука или новост, а и најпоучните се изработени на доволно забавен начин за да можат да ја исполнат тешката задача - да го задржат вниманието на децата. Екранизираните приказни може да траат од неколку минути до два-три часа, според времетраењето се делат на краткометражни, среднометражни и долгометражни, но поделбата по должина не се поврзува со содржинските разлики и нема никакво влијание врз нив. На пример, ако за еден филм знаеме дека е краткометражен, тоа не ни укажува дали во него доминира забавниот или едукативниот карактер. Истото се однесува и на прашањето за техниката на изработка бидејќи, како што беше споменато, екранизираните приказни може да бидат и анимирани и снимени.

Повеќето детски емисии што се прикажувале или се прикажуваат во македонскиот телевизиски простор во себе содржат музички блокови со детски песнички. Самите музички композиции може да бидат изведени од деца или од возрасни, иако доминираат тие од децата. Во музичките блокови преовладува забавната намена, иако текстовите на песните понекогаш содржат новини или поуки. Освен како посебни делови во пошироки детски емисии, музичките содржини се емитуваат и како целосни емисии, во форма на топ листи или на преноси и снимки од детски фестивали.

Квизовите и натпреварите исто така може да бидат целосни емисии (Фабрика за забава) или делови, односно блокови, од други емисии (Пет плус). Главната карактеристика на овие програми е што преку нив децата ги тестираат своите знаења и способности или ги споредуваат со тие на другите деца, а натпреварувачкиот дух најчесто се мотивира со награди или со други поволности. Ова е најинтерактивната форма на програми за деца, бидејќи подразбира директно учество и целосно ангажирање на децата во самата емисија. Самата интеракција, пак, може да се оствари на два начина - со лично присуство на децата учесници во студиото, каде што се натпреваруваат (Пулсиквиз) или преку директно телефонско јавување во студиото, во кое најупорниот и најсреќниот ја добива линијата и правото да учествува и да се натпреварува (Мачорот Изи), а во поново време контактот се воспоставува и преку Интернет. Емисиите со натпреварувачки карактер најчесто варираат од програми со силен едукативен карактер, на пример квизовите на знаење, до програми во кои речиси

ја нема образовната компонента, туку се состојат од натпреварување во играње видео-игри или во соочување на физичките способности низ разни спортски и слични активни, фискултурни игри. Може да се однесуваат на деца од сите возрасти, од предучилишна до подоцнежна училишна, а кога станува збор за возраста, некои се отворени за соочување меѓу разни возрасни групи, додека други се ограничени, на пример на една училишна генерација и во секоја епизода учествуваат деца од различна генерација, со соодветно приспособени програмски и натпреварувачки содржини.

Интерактивните емисии без натпреварувачки карактер се исто така содржини во кои детето-гледач ја има можноста да стане учесник во програмата, преку директно јавување или преку пријава за учество во наредната епизода. Има повеќе видови и од овие емисии. Некои ги следат дејствата поврзани со едно дете, кое на водителот му ја раскажува својата приказна (Ај ти замижи), како и такви што ги покриваат активностите на образовно-воспитните установи, односно на градинките и на училиштата (Биберчиња-бисерчиња). За разлика од квизовите, во овие емисии нема натпреварување, но не е исклучена можноста да има награди за самото учество, а понекогаш и изборот на учесниците се одвива на сличен начин како наградните игри, со извлекување. Главната придобивка од овие програми е што децата-гледачи може да се споредуваат со децата-учесници, но додека тоа може да биде корисно во емисиите посветени на училишните активности во кои учествуваат поголеми групи, може да има и негативни последици кога се прикажува животот на само едно дете, зашто тоа открива социјални и други разлики, што од психолошки аспект може да биде несоодветна содржина за возраста (на пример, ако детето во емисијата покаже дека има многу повеќе играчки отколку што просечно семејство може да си дозволи). Што се однесува до начинот на прикажување, овие интерактивни програми се најчесто емисии самите за себе, наместо програмски блокови вметнати во друга емисија.

И целта како критериум за поделба на детските емисии може да има широка интерпретација, па да се каже дека секоја програма има своја, посебна цел. Сепак, и овде може да дефинираме две главни поделби и тоа на комерцијални и на некомерцијални емисии, како и на образовни и на рекреативни емисии. Двете поделби се испреплетуваат меѓу себе, така што комерцијалните програми се најчесто рекреативни, а некомерцијалните образовни, но ова не е правило.

Комерцијалните програми се содржини чија цел е да ги натераат децата да посакаат одреден производ или услуга. Пракса е тие да се спонзорирани од една или од повеќе компании и токму нивните производи, односно услуги, да се рекламираат. Програмската шема се конципира на начин што пред се треба да прикаже колку е

забавно да се користи понудата на фирмата-спонзор. Тие може да бидат натпревари во видео игри или во друштвени игри што се на некој начин демонстрација на играта или на апаратот за играње, кои се нудат на продажба. Дури и кога немаат натпреварувачки карактер, овие емисии имаат тенденција да бидат интерактивни, така што учесникот, кој е среќно извлечен да биде дел од програмата, добива производи или услуги со цел тие да им се прикажат на гледачите - потенцијални купувачи. Степениот на комерцијализација, сепак, е различен, затоа што постојат емисии во кои децата и нивните родители се мотивираат да купат нешта од кои собраните приходи одат во хуманитарни цели или, пак, предмети што ги нудат разни невладини или непрофитни организации за да ја шират својата порака (на пример за здрава животна средина), а од таквите продажби ги финансираат своите активности. Според тоа, овие емисии се комерцијални во смисла дека поттикнуваат купување, но не се подеднакво комерцијални како оние во кои се стимулира купувањето од профитно ориентирани компании.

Но како комерцијални детски телевизиски програми може да се сметаат и сите емисии во кои што целта на продуцентот е да заработи пари од гледаноста, од спозорите и од маркетиншките коминтенти или, ако станува збор за независна продукција, од продажбата на снимениот материјал на телевизиските куќи. Затоа наспроти нив стојат некомерцијалните детски програми, за кои наједноставната дефиниција би била дека заработката не им е во прв план. Нивната главна цел е да го привлечат вниманието на децата, пред се за да ги поучат нешто или да ги натераат да размислуваат за одредени теми, на пример за здравата животна средина. За некомерцијалните програми се смета дека шират пораки за општото добро или за доброто на децата, односно за нивната подготовка да бидат подобри граѓани во општеството, па и да изградат подобро општество. Затоа нивната изработка често се финансира од државните фондови за радиодифузија, каков што е примерот со Македонија, каде што државата има средства што ги распределува за проекти од јавен интерес. Понекогаш некомерцијалните програми имаат забрана да емитуваат рекламни содржини или да имаат спонзори, но тоа не е правило. Сепак, важи принципот дека ако има рекламирање во овие програми, тоа да не го загрозува програмскиот концепт, односно да не влијае врз пораките што треба да бидат пренесени. На пример, автомобилските компании би можеле да влијаат врз емисии посветени на животната средина ако се нивни спонзори и ако нивното финансирање зависи главно од тоа спонзорство, така што би можеле да се спротивстават на ширењето кампањи за возење

велосипед или за почесто користење јавен превоз, бидејќи тоа се коси со нивната бизнис-логика.

Целта на образовните емисии, како што укажува името на категоријата, е да го помогнат и да го надополнат образовниот процес. Тие може да бидат во разни форми, предавачки или интерактивни и да се изработуваат во разни техники, но од аспект на заработката, најчесто се некомерцијални и се финансирани од јавни фондови, домашни или странски. Улицата Сезам во САД е пионер во овој вид телевизиска програма за деца, а Бушава азбука е досега најуспешниот пример во македонскиот медиумски простор.

Рекреативните емисии, пак, имаат мали или немаат никакви образовни вредности, се финансираат пред се од приватни фондови и имаат комерцијален карактер, односно претставуваат проекти со кои треба да се заработи. Како што кажува самото име, од аспект на ефектот врз публиката, тие служат да ги рекреираат и да ги забавуваат децата со песни, видео игри и со други пред се лесни содржини, што се атрактивни за одредена возраст.

Од сето наведено досега, може да се види дека сите видови телевизиски програми, според сите критериуми, се испреплетуваат меѓу себе и нема правила дека едно оди исклучиво со друго (на пример дека анимираните програми може да бидат само екранизирани приказни, а не и интерактивни квизови). Сепак, може да се повлечат некои паралелни линии според степенот на застапеност. Така, анимираните филмови сепак се најчесто екранизирани приказни, поретко едукативни предавања, речиси исклучок е нивната појава кај другите видови според содржината, а што се однесува до целта, почесто се комерцијални и рекреативни. Снимените програми се типични за едукативните предавања и за екранизираните приказни, но доста се среќаваат и во другите програмски видови според содржината, а иако комерцијалниот сегмент е почест, не може да се каже дека тој има силна доминација. Студиските програми, пак, се карактеристични за интерактивните квизови, за емисиите со музички точки и со разни други блоковски содржини, некои се комерцијални, други не се, но често се спонзорирани.

## 3.4. Програми за деца од македонска продукција

Анализирајќи ги програмите на сите телевизиски оператори во нашата земја ќе се дојде само до неколку телевизиски емисии за деца. На државната телевизија се емитува телевизиската емисија "Биберчиња бисерчиња", како и Македонски народни приказни. На останатите национални телевизии се емитуваат емисиите за деца "Пет +", "Ај ти замижи", "Супер ѕвезда". Поради слабиот интерес на продукциските куќи нивните емисии да бидат дел од ова истражување, кое ќе нема понатамошна искористеност во други цели, предмет на ова истражување ќе бидат само телевизиските емисии "Пет +" и "Ај ти замижи". Единствено Пет + и Котиледон продукција беа подготвени да ги дадат емисиите за деца со кои располагаа во архивата за да бидат анализирани и да се утврдат нивните едукативни вредности.

# II Методологија на истражувањето

## 1.Предмет на истражување

Денес повторно се прават засилени обиди од многу продукции да се постигнат задоволителни па дури и високи стандарди кога е во прашање едукативниот карактер на телевизиските емисии за деца. Но, тоа со што децата се соочуваат во ова време се експанзијата и конкуренцијата кои негативно влијаат врз овие текови.Ако се вратиме две децении station наназад ќе видиме дека во Македонија имаше три телевизиски канали, а програмата што ја емитуваа не стигнуваше до секој дом. Во такви услови ослободени од притисок од конкуренција продукциите можеа да се посветат на изнаоѓање креативни решенија за телевизиски емисии за деца кои на забавен начин постигнуваа голем број образовни цели.

Во ова време, пак, речиси нема дом без кабелска телевизија од 50-тина канали, некаде има сателитска телевизија од неколку илјади канали, а дури и домаќинставата што имаат телевизиски приемници само со обична антена примаат околу 20 канали. Тоа создава услови телевизиската понуда за деца да биде многу побогата. Со оглед на тоа што телевизијата пренесува знаења и создава услови за учење, ги развива когнитивните способности на учениците, критичкото мислење и нивниот креативен потенцијал потребно е да се направи анализа на тоа дали телевизиските емисии кои се наменети за децата имаат едукативни вредности кои ќе ги оправдаат овие докази.

Токму затоа предмет на ова истражување се **едукативните вредности на телевизиските емисии за деца** од македонска продукција.

Навиките за учење и работа децата треба да ги стекнат во најраната возраст. Поради тоа се смета дека на таа возраст е потребно тој процес да им се олесни на учениците, а сепак да има позитивни резултати и секој ученик да напредува индивидуално.

Предметот на ова истражување ќе биде истражуван од повеќе аспекти и тоа: ќе се направи анализа на тематиката на содржините на телевизиските емисии за деца од македонска продукција; ќе се направи проценка на компатибилноста со наставните програми по сите наставни предмети во првиот циклус од деветгодишното образование и интересот на децата за гледање на телевизиски емисии.

## 2.Цел и карактер на истражување

**Целта на ова истражување е да се испитаат едукативните вредности на телевизиските емисии за деца.**

Така ќе се дојде до нови сознанија кои ќе овозможат унапредување на воспитно-образовниот процес и развојот на учениците од првиот циклус на деветгодишното образование преку користење на телевизиските емисии за деца.

Целта е остварена низ теоретско-дескриптивно вреднување на телевизиските емисии врз основа на одделни релевантни критериуми за вреднување и тоа: тематика на содржини, компатибилноста со наставните програми и воспитно-образовното влијание врз развојот на учениците.

## 3.Задачи на истражувањето

Со оглед на предметот и поставената цел во ова истражување ќе се реализираат следните задачи:

1. Да се испита тематиката;
2. Да се испита воспитната компонента на содржините на телевизиските емисии за деца од македонска продукција;
3. Да се испита компатибилноста и воспитната компонента на телевизиските емисии за деца со програмските содржини по сите наставни предмети од првиот циклус на деветгодишното образование;
4. Да се испита интересот на децата за гледање на телевизиски емисии за деца.

# 4.Хипотези

Познавајќи ја потребата од употребата на телевизијата како наставно средство во наставата со кое на учениците ќе им се презентираат телевизиски емисии прилагодени на нивната возраст сметам дека наставниците навистина се залагаат за тоа да наоѓа што поголема примена. Според тоа сметам дека во голема мера се работи на употребата на ова наставно средство со што наставата добива помодерен карактер и се добиваат подобри резултати кај учениците. Ова ме насочува да ги претпоставам можните резултати што ќе се добијат со истражувањето. Според тоа ги поставувам следните хипотези:

***Општа хипотеза***:

1. Телевизиските емисии за деца имаат високи едукативни вредности.

*Посебни хипотези:*

1. Телевизиските емисии за деца од македонска продукција се со различна тематика;

2. Телевизиските емисии за деца од македонска продукција имаат развиена воспитна компонента;

3. Постои висок степен на компатибилност на телевизиските емисии за деца со наставните содржини од сите наставни предмети во првиот циклус од деветгодишното образование;

4. Децата од раноучилишна возраст пројавуваат различен интерес за гледање на телевизиските емисии за деца;

5. ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот и мотивацијата на учениците;

6. ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот за читање, пишување состави, обиди за уметничко творење на учениците;

7. ТВ емисиите имаат содржини кои можат да ги задоволат различните интереси на учениците за наука, техника;

8. ТВ емисијата има содржини за однесувањето на граѓаните во општеството, за соработката во областа на науката, техниката, екологијата;

9. ТВ емисиите ја пренесуваат традицијата и културните вредности на македонскиот народ и припадниците на другите заедници во Македонија;

10. ТВ емисиите го покажуваат значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури.

## 5.Варијабли на истражувањето

Независни варијабли:

1. Тематиката и содржината на телевизиските емисии за деца

2. Наставните програми по сите наставни предмети

Зависна варијабла претставува интересот на децата за гледање на телевизиски емисии за деца, како и компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со наставните програми по сите наставни предмети.

## 6.Методи, техники и инструменти на истражување

Во ова истражување е користен **теоретско-дескриптивниот метод и компаративниот метод.** Тоа значи дека појавите ќе се запознаваат какви се и колкави се, односно ќе се утврдува фактичката состојба на појавата онаква кава што е.

Во оперативната фаза на истражувањето се користи техниката анализа на содржина која се користи при анализа на тематиките и содржините на емисиите за деца со компарација за утврдување на компатибилноста на тематиките и содржините со наставните програми од сите наставни предмети од првиот циклус на деветгодишното образование. Исто така се користи и техника на диригирано-структуирано интервју за испитување на интересот на децата за гледање на телевизиски емисии за деца и техника на работа со педагошка документација при анализа на програмите.

Како инструмент на истражувањето се користи **евиденциона листа за анализа на содржини** и **протокол на интервју**.

Чек листата за вреднувањето на едукативните вредности на тематиката која е застапена во телевизиските емисии за деца е составена од шест прашања. За секоја категорија постои тростепена скала за одговор каде треба да се заокружи, прецрта или обои квадратчето пред соодветниот одговор. Кај шестото прашање од чек листата има десет подпрашања кај кои резултатите се бележат на истиот начин како и претходно.

Евиденционата листа за испитување на компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со програмските содржини по сите наставни предмети за прво и второ одделение од деветгодишно образование е составена од пет рубрики.

Протоколот за интервју е наменет за испитување на интересот на учениците за гледање на телевизиски емисии за деца. И кај овој протокол има осум прашања, а за

секое од нив се понудени три одговори. Прашањата се лесни и едноставни затоа што се наменети за деца од прво и второ одделение од деветгодишно образование. При водењето на интервјуто сите прашања се објаснети и поедноставени со што се прилагодени на детската возраст. Учениците треба да го заокружат, прецртаат или обојат квадратчето пред нивниот одговор.

## 6.1. Опис на инструментите на истражувањето

За собирање на податоци во ова истражување се користи техниката на диригирано-структуирано интервју. Во прашалникот се дадени специјално формулирани прашања на кои е потребно децата писмено да одговорат. Прашањата произлегуваат од целта и задачите на истражувањето. Прашањата се јасни, недвосмислени, насочени и едноставни. Прашањата не го сугерираат одговорот. Но, со оглед на тоа што интервјуто е правено со деца од рана училишна возраст кога се уште не знаат да читаат или тоа им е потешко прашањата им се читани внимателно, едно по едно. Прашањата се со алтернација, односно испитаникот избира меѓу два понудени одговори, но има и одговор за оние што се колебаат меѓу "да" и "не", па опцијата им е "во некои случаи". Исто така, прецизирани беа и барањата за начинот на пополнување на одговорот како на пример заокружи, назначи со крст, назначи x, потцртај, прецртај, а се со цел на децата да им се олесни начинот на одговарање.

## 7.Популација и примерок

Со оглед на карактерот на ова истражување застапени се повеќе разновидни примероци и тоа: телевизиските емисии за деца од македонска продукција кои се емитувани од 2009 до 2012 година. Ова претставува пригоден намерен примерок. Исто така, ќе се истражува и примерок на наставни програми од сите наставни предмети во првиот период на деветгодишното образование. Ова претставува стратификуван намерен примерок.

Примерокот на субјекти го сочинуваат повеќе суппримероци и тоа ученици, телевизиски емисии и наставни програми.

Во примерокот на телевизиски емисии спаѓаат ”Пет +” и ”Ај ти замижи” емитувани на националните телевизии од 2009 до 2012 година. Анализирани се 120 телевизиски емисии за деца, а секоја од нив трае по 20 до 30 минути.

Примерокот на субјекти на ова истражување го сочинуваат 122 ученици од прво и второ одделение од Основното училиште ”Гоце Делчев”.

Примерокот на наставни програми го сочинуваат програмите по сите предмети за прво и второ одделение од деветгодишно образование.

## 8.Вреднување

За успешна реализација на оваа сложена истражувачка работа се направи избор на **техники за анализа** и се изработија **критериуми** и **инструменти** за прибирање на податоци за вреднување (евиденциони листи и протоколи за интервју).

По сумирањето на добиените квалитативни показатели според утврдените критериуми за одредени **компоненти - аспекти** се изведе една квалитативна оценка според понудената бројчана скала од 1-5. Истражувачот во процедурата на истражувањето на телевизиските емисии за деца изведе посебна оценка за секој посебен аспект кој се истражуваше.

Вредносните оценки на скалата се:

1. **Неприфатливо** - кога не се исполнуваат, не се застапени истражуваните компоненти во помалку од 50% телевизиски емисии опфатени со истражувачкиот материјал;

2. **Незадоволително** - истражувачките компоненти се застапени до 65% од телевизиските емисии за деца опфатени со истражувачкиот примерок;

3. **Прифатливо** - истражувачките компоненти се застапени до 75% од телевизиските емисии за деца опфатени со истражувачкиот примерок;

4. **Добро** - истражувачките компоненти се застапени до 90 % телевизиските емисии за деца опфатени со истражувачкиот примерок;

5. **Одлично** - високо застапени истражувачки компоненти во над 90 % телевизиските емисии за деца опфатени со истражувачкиот примерок.

## 9.Вид на истражување

Во истражувањето се користат повеќе показатели врз основа на кои е направено вреднувањето на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца.

Поради обемноста и сложеноста на истражувачкиот проблем, чие целосно истражување бара испитување на повеќе разновидни и многубројни аспекти, со кои би

се направило поцелосно истражување на квалитетот на телевизиските емисии за деца ( на пример би се истражувал јазикот кој се користи во нив, или етичките, естетските и психолошките вредности), што би ги надминало рамките и можностите на едно индивидуално истражување, во нашето истражување се вреднуваат само неколку аспекти на педагошките вредности и тоа:

1. **Тематиката** на телевизиските емисии за деца;

2. **Компатибилноста** на содржините со наставните програми од сите наставни предмети и подрачја;

3. **Интересот на** учениците за следење на телевизиските емисии за деца од македоснка продукција.

Истражувањето има и **квантитативен и квалитативен карактер** бидејќи ги испитува воспитните вредности на телевизиските емисии за деца, како и нивната компатибилност со наставните програми од сите наставни предмети. Квантитативната анализа на резултатите е со пресметување на фрекфенции на резултатите и со пресметување на процент на резултатите.

## 10. Опис на чек листите за вреднување

Во чек листите за вреднување на одделни компоненти на телевизиските емисии за деца, врз основа на квалитативните обележја, направен е избор и поставени се концизни барања на кои треба концизно да се одговори.

Одговорите се внесуваат со заокружување на исказите со кои се потврдува или негира постоење на квалитативни показатели за телевизиските емисии за деца.

По средувањето на одговорите се утврдува колква е процентот на високо застапени показатели на секој истражуван аспект одделно.

По средувањето на одговорите се одредува колкав е процентот на високо застапени позитивни показатели; добро застапени позитивни показатели; прифатливо застапени позитивни показатели и не задоволува. Со тоа се олеснуваат постапките за сумирање на показателите и се овозможува аргументирано изведување на оценката.

Во чек листата, по секое прашање, има простор за внесување на коментари и забелешки, со што уште повеќе се систематизираат и збогатуваат показателите за телевизиските емисии за деца.

Прашањата во чек листата се систематизирани според истражувачките аспекти (индикатори од критериумите за вреднување) и тоа: тематика на содржините;

компатибилноста со наставните програми од сите наставни предмети и програмски подрачја од првиот циклус на деветгодишно образование и воспитно-образовната функција.

Одговорите на прашањата даваат можност преку нивна анализа да се добијат систематизирани квалитативни показатели кои се основа за изведување на оценката и подготвување нна опис за секој од истражувачките аспекти.

## 11.Обработка на податоците

Скалата на оценките во прашалникот („неприфатливо", „незадоволително", „прифатливо", „добро", „одлично") може адекватно да се искористи за вреднување на телевизиските емисии за деца. Таа е доста економична и овозможува брзо квантификување на добиените одговори.

Со бројчаната скала се добиваат податоци за индивидуалната проценка на истражувачот.

Според податоците од прашалникот, во ова истражување ќе се пресметаат (за секој степен на скалата) еден значаен показател-процент (процентуални показатели) и фрекфенција.

## 12.Организација и тек на истражувањето

Истражувањето го започнавме со прибирање на телевизиските записи од емисиите за деца, во периодот од јануари 2011 до декември 2011 година. Потоа следеше преглед на телевизиските емисии за деца, а потоа се направи нивно вреднување. Потоа следеше анализа на наставните програми по сите наставни предмети по што следуваше споредување и испитување на компатибилноста на телевизиските емисии за деца со наставните програми од сите наставни предмети. По ова се испитуваше интересот на учениците за гледање на телевизиски емисии за деца и интересот на учениците за вметнување на телевизиски емисии за деца во редовната настава. На крај следува анализата и интерпретација на резултатите.

# III Анализа на резултатите од истражувањето

За изнесувањето на овие резултати анализирани се епизоди само од две телевизиски емисии за деца од македонска продукција иако на пазарот се нудат многу повеќе. Но, поради заштита на правата на емисиите, не сите телевизиски куќи наидоа на разбирање да ги дадат своите проекти на анализа која ќе биде искористена само за ова истражување.

## 1. Интерпретација на резултатите од анализата на ТВ емисиите за деца

Резултатите од анализата на тематиката, компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со наставната програма и интересот на учениците за следење на телевизиските емисии за деца се прикажани одделно. Компаративната анализа се презентира по интерпретирањето на поединечните резултати.
Начинот на интерпретирањето на резултатите е подеднаков кај трите примероци.

### 1.1Анализи на резултатите од вреднувањето на тематиката

При вреднувањето на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца се почна од тематиката која е застапена во нив. Првото прашање беше дали доминира оригиналност во изборот на темата на телевизиските емисии за деца. Оригиналноста во оваа смисла подразбира понуда на теми кои децата вообичаено не ги среќаваат во други телевизиски емисии, односно во други медиумски содржини воопшто. Целта е да се согледа соодносот меѓу комерцијалниот и едукативниот пристап на авторите на емисиите. Појдовна точка е воспоставената пракса со која кога авторот е воден од мотивот за што поголем комерцијален успех на проектот, тој го креира во согласност со информациите за тоа што децата обично гледаат и сакаат да гледаат. Тоа претежно води кон копирање, кон повторување слични содржини со некои што веќе биле емитувани на телевизија. Дури и во случаите кога тие содржини се со едукативен карактер, фактот дека се нешто веќе видено драстично го намалува нивниот едукативен ефект. Но кога комервцијалните вредности не се во преден план, се применува пристапот што децата досега не виделе, а би сакале и би требало да видат (или на кои теми не им обрнуваат доволно внимание, а би им било интересно и корисно да им обрнат). Според тоа, оригиналниот пристап продуцира емисии со подобар едукативен

квалитет од неоригиналниот. Треба да се истакне и дека оригиналноста сама по себе не е доволна, затоа во појдовната точка беше нагласено дека се бараат содржини кои децата не само што би сакале да ги видат, туку и би требало, односно тоа би било добро и корисно. Во спротивно, оригиналноста може да значи дури и понуда на содржини со пониска едукативна вредност од веќе видените (каде што се промовира насилство или други девијантни појави што би можеле да ја разбудат детската љубопитност).
Заклучокот од сето ова е дека неоригиналните емисии имаат низок едукативен квалитет, а оригиналните може да имаат и низок и висок, во зависност од карактерот на темата што ја обработуваат. Во секој случај, поголема е веројатноста дека емисиите ќе имаат образовен ефект ако се оригинални. Двете емисии што беа предмет на оваа анализа, Ај ти замижи и Пет плус, имаат оригинален пристап во изборот на темите. Ова е потврдено во 100 отсто од анализираните емисии за деца. Тоа се вреднува како одлично, според вредносните оценки на скалата. Но мора да се напомене дека се уште не говори доволно околу едукативните вредности на емисијата, само околу потенцијалот тие да се остварат.

Остварувањето на едукативните вредности се надополнува и со изборот на тематиката односно дали е таа интересна и современа. Ваквата тематика секако дека ќе го привлече детското внимание, а со тоа и едукативно ќе се делува затоа што актуелните теми за детската возраст пренесени на ниво кое е разбирливо за нив ја остварува целта.
Анализата на податоците од второто прашање со кое се испитува степенот на интересност и актуелноста на емисиите за деца покажува дека сите 160 анализирани емисии обработуваат теми кои се интересни и современи. Тоа покажува дека во 100 отсто во Ај ти замижи и Пет плус има актуелни теми според содржината. Според вредносните оценки на скалата и овие резултати се одлични.

Оригиналноста, интересноста и современоста на темите наложува да се обработуваат и содржини кои го привлекуваат детското внимание, но излегуваат од стандардите за образование во раноучилишна возраст. Сепак тоа што само во некои случаи обработените содржини излегуваат од стандардите за образование во раночилишна возраст не ги прави емисиите за деца неедукативни. Анализата на третото прашање донесува податоци дека во над 90 отсто од анализираните емисии за деца има обработени содржини кои не отстапуваат од стандардите за образование во раноучилишна возраст. Тоа се вреднува како одлично, според вредносните оценки на скалата.

Со четвртото прашање се испитуваше тематската поврзаност на емисиите за деца опфатени со истражувачкиот примерок. Ова прашање се однесува на тоа колку една со

друга епизода од една иста телевизиска емисија за деца се поврзани тематски. Анализата покажа дека во многу малку случаи тие се поврзани т.е. се чини дека секоја емисија е направена сама за себе и не следи некој тематско логички след на циклусот. Според вредносните оценки на скалата тоа се вреднува како неприфатливо затоа што не се застапени истражувачките компоненти во помалку од 50 отсто телевизиски емисии опфатени со истражувачкиот материјал.

Она што влијае на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца е и начинот на кој се обработуваат темите, односно дали има содржини кои се изложени поедноставно, но според научни критериуми. Токму тоа е и петото прашање. Од анализираните емисии на Ај ти замижи може да се види дека во повеќето епизоди нема сложени теми. Изборот на темите е поедноставен и е фокусиран врз случувањата од секојдневниот живот. Но, во оние епизоди каде се говори за сложени теми, објаснувањето кое се дава е прилагодено на децата од раноучилишна возраст.

Кај телевизиската емисија за деца Пет плус во половината анализирани епизоди сложените теми се објаснети разбирливо и допадливо за децата од раноучилишна возраст, додека во останатата половина од анализираните епизоди не се обработуваат сложени теми. Поедноставно и разбирливо за децата од раноучилишна возраст објаснети се темите за Јапонија, како и други географски поими, за Кристофер Колумбо и за струјата. Тоа значи дека истражувачките компоненти се застапени до 65 отсто од телевизиските емисии за деца опфатени со истражувачкиот примерок што според вредносните оценки на скалата е незадоволително.

Децата од раноучилишна возраст најмногу кај телевизиските емисии наменети за нивната возраст ги привлекуваат темите за кои се говори. Децата најмногу сакаат да говорат и слушаат за она што е нивно секојдневие. Сакаат да зборуваат за домот, семејството, родителите, браќата и сестрите, другарите, да раскажуваат какви играчки имаат. Она со што сакаат да се пофалат е дека внимаваат на здравата храна и заштитата на природата.

Токму застапеноста на овие теми е дел од шестото прашање од овој анкетен лист. Но, прашањата се поставени во неколку подпрашања за да бидат опфатени повеќе теми. Во сите анализирани епизоди од Ај ти замижи и Пет плус се застапени темите кои се во врска со семејството, мајката, таткото, браќата, сестрите што според вредносните оценки на скалата е одлично. Идентични податоци има и за тоа дали застапените теми во телевизиските емисии за деца се во врска со други личности, другарството, мирот, војната, патувањата, спортот. И на ова подпрашање сите одговори се позитивни што исто така според вредносните оценки на скалата се вреднува како одлично.

Природата, цвеќето, езерата,годишните времиња, реките, животните се темите што се помалку застапени. Во телевизиската емисија Ај ти замижи во 50 од анализираните епизоди се говорело за природата, реките, езерата, цвеќињата, годишните времиња, додека во 110 епизоди овие теми воопшто не биле застапени. Наспроти ова, пак, во телевизиската емија Пет плус во сите 10 анализирани епизоди се говорело за природата, реките, езерата, цвеќињата, годишните времиња. Овие спротивставени одговори различно и се вреднуваат. Одговорите од Ај ти замижи во вредносните оценки од скалата се вреднуваат со незадоволително, додека оние од Пет плус со одлично.

И за тоа дали застапените теми се во врска со заштитата на природната околина (екологија) при анализата на телевизиските емисии за деца Ај ти замижи и Пет плус се доаѓа до истите одговори. Во телевизиската емисија за деца Ај ти замижи во 50 од анализираните епизоди се говорело за екологијата, додака во 110 епизоди оваа тема воопшто не била застапена. Кај емисијата Пет плус, пак, ситуацијата е поинаква. Тука во сите 10 анализирани епизоди се говори за екологијата. И кај ова подпрашање различните одговори различно се вреднуваат. Кај Ај ти замижи оценката е незадоволителна, додека кај Пет плус таа е одлична.

Во сите анализирани епизоди од двете емисии за деца Ај ти замижи и Пет плус учениците (децата) се познаваат себе си, знаат за својата приватност, ги опишуват своите играчки, раскажуваат какви игри играат. Тоа е она што одговорите од ова подпрашање во вредносните оценки на скалата ги вреднува со одлично.

Темите за исхраната, здравјето, физичката активност, спортот се исто така дел од телевизиските емисии Ај ти замижи и Пет плус. Кај телевизиската емисија за деца Ај ти замижи во повеќето епизоди се говорело за исхраната, здравјето, физичката активност, спортот, а во 60 епизоди за овие теми воопшто не се говорело. Овие одговори во вредносната оценка на скалата се вреднуваат со добро. Наспроти ова, пак, во сите десет анализирани епизоди од Пет плус ги имало теми за исхраната, здравјето физичката активност, спортот. Тоа значи дека во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со одлично.

Освен за исхраната, екологијата, спортот, преку телевизиските емисии децата се запознаваат и со селата, градовите, општините, власта. Тоа се теми што исто така се застапени во Ај ти замижи и Пет плус. Во половината анализирани епизоди и од двете емисии за деца се говорело за селата, градовите, општините, власта. Во останатата половина овие теми воопшто не се спомнувале. Затоа во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со незадоволително.

Дали застапените теми се во врска со учењето, книгите, работата, научни содржини, идните професии? Ова е осмото подпрашање во овој анкетен лист на кое повеќето одговори се позитивни. Од анализирани епизоди на Ај ти замижи во 150 од нив се спомнува барем една овие теми, додека во 10 темата што се анализира е сосема спротивна од овие. Затоа ова прашање во вредносната оценка на скалата се вреднува со одлично. Во анализираните епизоди од емисијата Пет плус пак во сите нив се говорело за учењето, книгите, работата, научни содржини, идните професии и затоа во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со одлично.

Традицијата, минатото, приказните, поговорките, гатанките се темите кои на младите генерации треба да им се пренесат за да продолжи нивното негување. Токму во телевизиските емисии за деца има простор во кој овие теми треба да се обработуваат. При анализата на телевизиските емисии за деца Ај ти замижи и Пет плус се доаѓа до одговори дека овие теми не се доволно застапени. Во двете телевизиски емисии за деца поголем е бројот на на епизодите каде воопшто не се споменувале традицијата, минатото, поговорките, гатанките, приказните што во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со незадоволително.

Последното подпрашање во овој анкетен лист се однесува на тоа дали застапените теми во телевизиските емисии за деца се во врска со филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-историските настани. Од анализираните епизоди се доаѓа до одговори дека само во половината од нив овие теми биле застапени. Во останатата половина од анализираните емисии од Ај ти замижи и Пет плус се говорело за теми кои немаат поврзаност со филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-историските настани. Затоа во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со незадоволително.

Резултатите од шестото прашање во кое има десет подпрашања се прикажани на две одделни табели за двете емисии за деца.

Табела бр.1 Чек листа за процена на тематиката во ТВ емисиите за деца

| Телевизиска емисија за деца Ај ти замижи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категории | Одговори | | | | | |
| Застапените теми се во врска со... | Да | | Во некои случаи | | Не | |
| | f | % | f | % | f | % |
| 1. Семејството, мајката, таткото,браќата, сестрите? | 160 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. Други личности, другарството, мирот, војната, патувањата, спортот? | 160 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. Природата, цвеќето, езерата, годишните времиња, реките, животните? | 50 | 31 | 0 | 0 | 110 | 69 |
| 4. Заштитата на природната околина? | 50 | 31 | 0 | 0 | 110 | 69 |
| 5. Познавање на себеси, приватноста, играчките, игрите? | 160 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6. Исхраната здравјето, физичката активност, спортот? | 100 | 67 | 0 | 0 | 60 | 33 |
| 7. Селото, градовите, општините, власта? | 80 | 50 | 0 | 0 | 80 | 50 |
| 8. Учењето, книгите, работата, научни содржини, идните професии? | 150 | 94 | 0 | 0 | 10 | 6 |
| 9. Традицијата, минатото, приказните поговорките, гатанките? | 50 | 31 | 0 | 0 | 110 | 69 |
| 10. Филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-уметнички настани? | 80 | 50 | 0 | 0 | 80 | 50 |

Табела бр.2 Чек листа за процена на тематиката во ТВ емисиите за деца

| Телевизиска емисија за деца Пет плус | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категории | Одговори | | | | | |
| Застапените теми се во врска со... | Да | | Во некои случаи | | Не | |
| | f | % | f | % | f | % |
| 1. Семејството, мајката, таткото,браќата, сестрите? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. Други личности, другарството, мирот, војната, патувањата, спортот? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. Природата, цвеќето, езерата, годишните времиња, реките, животните? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4. Заштитата на природната околина? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. Познавање на себеси, приватноста, играчките, игрите? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6. Исхраната здравјето, физичката активност, спортот? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. Селото, градовите, општините, власта? | 5 | 50 | 0 | 0 | 5 | 50 |
| 8. Учењето, книгите, работата, научни содржини, идните професии? | 10 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9. Традицијата, минатото, приказните поговорките, гатанките? | 4 | 40 | 0 | 0 | 6 | 60 |
| 10. Филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-уметнички настани? | 5 | 50 | 0 | 0 | 5 | 50 |

**Од сето досега изнесено може да се констатира дека во анализираните епизоди од двете телевизиски емисии за деца обработените тематики имаат едукативни вредности.**

**Во сите нив доминира оригиналност во изборот на темата, таа е секогаш интересна и современа, не излегува од стандардите за образование во раноучилишна возраст. Иако некои од темите се сложени сепак тие се изложени**

**поедноставно, почитувајќи научни критериуми. Застапените теми се во врска со семејството, мајката, таткото, браќата, сестрите со што публиката се едуцира за почитување на семејните вредности. Исто така, се говори и за другите личности од опкружувањето на децата како што се баби, дедовци, тетки, чичковци, другарите. Низ едноставни прашања од страна на водителите на телевизиските емисии децата покажуваат дека се познаваат себеси и својата приватност. Тие самите кажуваат што е тоа што сакаат да бидат кога ќе пораснат, која ќе биде нивната професија, но исто така имаат можност да запознаат и некои други области и можеби неопределените да се заинтересираат за некоја работа.**

**Во телевизиската емисија за деца Ај ти замижи она што е неприфатливо е што во многу мал процент се говори за природата, цвеќињата, годишните времиња, реките, животните и секако заштитата на животната средина. Но, сепак има и такви епизоди каде децата говорат токму на овие теми и ги кажуваат своите искуства во чувањето на природата.**

**За разлика од оваа емисија во Пет плус, пак, во најголем дел од епизодите се говори токму на овие теми што децата од раноучилишна возраст ги едуцира дека сите заедно треба да се грижиме за природата.**

**Она на што треба да поработат продукциските куќи при осмислувањето на темите во телевизиските емисии за деца е многу повеќе да биде застапено говорењето за селата, градовите, општините, традицијата. На децата треба да им се укаже дека културните вредности треба да се негуваат. Преку обработка на овие теми децата треба да се поттикнат да кажуваат поговорки, гатанки, да прераскажуваат приказни. Во сите анализирани епизоди од двете телевизиски серии за деца на недоволно ниво се говори за овие теми, како и за филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-историските настани. Овие теми се застапени само наменски кога епизодата се емитува пред некој државен или верски празник и кога на децата им се пренесуваат само малку содржини со карактер од тој вид.**

**Во однос на концептуалноста, може да се заклучи дека во телевизиската емисија Пет плус владее строго концептуален пристап, во кој однапред е определена темата на обработка и пораките што преку емисијата треба да и се испратат на публиката (во овој случај, на децата). Во текот на емисијата се се одвива плански и се е однапред предвидено, освен некои делови како на пример директните јавувања на гледачите, кои поради самата своја природа не можат да бидат однапред режирани, но се успешно диригирани од водителите. Кога станува збор за Ај ти замижи, пак, доминира импровизацијата, така што водителот во текот на**

**самата епизода и во зависност од ситуацијата проценува како да постапи, кои прашања да ги постави и кои пораки да и ги испрати на публиката. Според истражувањето може да се види дека концептуалниот пристап дава посигурни резултати кога е во прашање едукативниот елемент на телевизиските програми за деца, иако не може да се тврди дека тој целосно отсуствува ако програмата се базира на импровизирање.**

## 1.2. Анализи на резултатите од испитување на компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со програмските содржини

За тоа дали телевизиските емисии за деца имаат едукативни вредности се направи вреднување и на компатибилноста на содржините на телевизиските емисии за деца со наставната програма. Направена е анализа на наставната програма за прво и второ одделение деветгодишно образование и тоа по предметите македонски јазик, математика, запознавање на околината, музичко, ликовно и физичко и здравствено образование.

Најпрво се испитува кои содржини од наставната програма се опфатени во ТВ емисијата?

По предметот македонски јазик за прво одделение деветгодишно образование во програмското подрачје слушање и говорење од содржините застапени во ТВ емисиите се: начини на лично обраќање кон други лица во различни ситуации: во автобус, во продавница, во лифт, во библиотека, има приспособено гласно и тивко говорење, културно однесување со други лица,познати и непознати. Исто така, има телефонски разговор, слушање со разбирање на слушнатото, прашања и одговори. Во ТВ емисиите Ај ти замижи и Пет плус многу често има реченици за прашување, раскажување, одрекување, потврдување, се спомнуваат општи имиња на предмети,појави состојби,дејства, празници, лица,лични имиња, зборови кои означуваат поопшти поими како животни, овошје, зеленчук, сообраќај, семејство, училишен прибор. Анализата покажува дека во двете емисии за деца Ај ти замижи и Пет плус се посветува доволно внимание на правилниот говор на децата што е и заеднички именител за програмски содржини.

Од програмското подрачје литература во ТВ емисиите Ај ти замижи и Пет плус застапени се приказните, стихотворбите, македонските народни приказни, гатанки,

брзозборки, сликовници, книги, енциклопедии. Многу често децата кажуваат некоја стихотворба, брзозборка или гатанка што ја научиле на училиште или дома.

Од програмското подрачје изразување и творење застапени се содржините на прераскажување, раскажување, опишување, раскажување и опишување по сеќавање.

Во наставната програма по македонски јазик застапено е и програмското подрачје медиумска култура. Од ова подрачје во ТВ емеисијата застапени се телевизиска емисија, филм за деца, серија за деца, анимиран филм.

Во наставната програма по македонски јазик се сугерираат неколку краткометражни и долгометражни серии и емисии и тоа: Фифи, Ноди, Пчеличката Маја, Балтазар, Барајќи го Немо, Кралот Лав, Вини Пу, Снежана и седумте џуџиња, Пепелашка, Мечето Ушко. Од македонска продукција, пак, се препорачуваат Разиграни бројки, Бушава азбука, Боенка, Биди и Бади, Во светот на бајките, Зоки Поки, Шарам барам, Македоснки народни приказни, Наше маало. Од сите овие препорачани емисии за деца од македонска продукција на телевизиските станици ширум државата не се емитува ниту една од овие емисии, освен Македоснки народни приказни, затоа што станува збор за емисии од постара продукција. Тоа значи дека сегашната млада популација не е запознаена со овие емисии. Она што тие како емисии за деца ги знаат се токму оние што се предмет на анализа во овој труд и тоа Ај ти замижи и Пет плус.

По предметот Математика за прво одделение деветгодишно образование во темата Математика во непосредната околина и секојдневниот живот од содржините во ТВ емисиите застапени се предмети во форма на топка, коцка, цилиндар, кружна, квадратна, правоаголна и триаголна форма, лева и десна страна на моето и од моето тело, ориентација во позната околина, ориентација во време и тоа ден-ноќ, утро, денес-вчера-утре, ден-седмица-месец-година, сличности и разлики меѓу предметите во непосредната околина, надворешни карактеристика на предметите и нивна положба, едноставни проблемски ситуации, поврзаност и редослед на настаните.

Од темата Природни броеви во ТВ емисијата се застапени броевите од 1 до 10, броење од 1 до 10 и наназад, редни броеви, додавање и одземање на еден во конкретни ситуации, една половина, едно цело, споредување и проценување на брзината на движење на два предмети, споредување и проценување на односите меѓу детето и предметите според нивната местоположба во просторот, стандардни мерки за должина и маса, детето и економијата.

По предметот Запознавање на околината за прво одделение деветгодишно образование во Програмското подрачје Јас и другите во ТВ емисијата застапени се содржините: кој сум јас, јас со другите. Исто така застапени се содржини и од програмските подрачја

Моето училиште, Моето семејство, Местото во кое живеам. Во подрачјето Јас сум дел од природата во ТВ емисиите најчесто се говори за растенијата и животните во мојата околина, јас сум дел од живиот свет, моето тело, природни појави, годишни времиња. Во ТВ емисиите често пати има застапени содржини и од програмското подрачје Сообраќај кога децата зборуваат за тоа како да се однесуваат во сообраќајот.
Од предметот Музичко образование за прво одделение деветгодишно образование во ТВ емисиите за деца застапени се содржините пеење, запознавање со детските ритмички инструменти.
По предметот Ликовно образование за прво одделение деветгодишно образование во ТВ емисиите застапени се содржини за основните средства за сликање, основни материјали за печатење и моделирање.
Од предметот Физичко и здравствено образование за прво одделение деветгодишно образование во ТВ емисиите се среќаваат содржини за моето тело, мојата висина, тежина.
По однос на првото прашање од анкетниот лист во наставната програма за второ одделение деветгодишно образование исто така има доста содржини од сите наставни предмети кои се опфатени во ТВ емисиите.
По предметот Македонски јазик за второ одделение деветгодишно образование во програмското подрачје Почетно читање и пишување во ТВ емисиите застапени се содржини за набљудување, забележување, раскажување, опишување, прашања и одговори. Од програмското подрачје Јазик во ТВ емисиите застапени се содржини со расказна, прашална и извична реченица, броеви до 20, именки што означуваат имиња на луѓе, животни,предмети, растенија. Во ТВ емисиите се застапени содржини и од програмското подрачје Литература и тоа текст: наслов, име на автор, содржини, илустарција, текстови: проза, поезија, драм,ски текст, поговорки, гатанки, брзозборки, некој настан, лик во текст, песна. Од програмското подрачје Изразување и творење во ТВ емисиите се застапени содржините за слушање: говор и разговор за теми од животот во семејството, училиштето, непосредната околина, прераскажување на текст, содржина од анимиран филм, ТВ емисија, расказ и бајка, опишување: предмет, растение, животно, прераскажување, раскажување, опишување. Исто така и од програмското подрачје Медиумска култура во ТВ емисиите има застапено содржини. Децата разговараат за филм, театар, куклена претстава, детски печат, училишна библиотека.
По предметот математика за второ одделение деветгодишно образование во темата Форми во просторот, форми во рамнината и односите меѓу нив застапени се

содржините за предмети во форма на геометриски тела, геометриски фигури во рамнина, односи меѓу предметите во околината. Од темата решавање на проблемски ситуации застапени се содржините за едноставни проблемски ситуации, ориентација во просторот, поврзаност и редослед на настаните, веројатност на настаните, ориентација во време: ден-ноќ, утро, денес- вчера, ден-седмица-месец-година, пладне, навечер, утре. Од темата броење до 20, собирање и одземање, застапени се содржините за броење, редни броеви, собирање и одземање до 20, цело, половина, четвртина. Исто така, во ТВ емисијата застапени се содржини и од темата Мерење и тоа нестандарни мерки за должина и маса, детето и економијата, пари, мерење време.

Од предметот Запознавање на околината за второ одделение деветгодишно образование во ТВ емисијата застапени се исто така доста содржини. Од темата Јас со другите застапени се содржините што ми се допаѓа кај себе, ние сме слични и различни, имам свое мислење и го почитувам мислењето на другите, децата и возрасните, правила на заедничко живеење, права и одговорности. Од темата Животот и работата во училиштето во ТВ емисијата се раскажува како е организирано училиштето, животот и работата во училиштето, празнување. Исто така, застапени се содржини и од темите Моето место и Мојот дом како што се местото во кое живеа, непосредна околина, моето место некогаш и сега, Македонија-мојата татковина, членовите на моето семејство, простории во домот, апарати во домаќинството, заштита од елементарни непогоди, лична хигиена и хигиената во домот, здравје, празници во семејството, слободно време. Од темата Јас сум дел од природата во ТВ емисијата застапени се содржините за мојата околина-жива и нежива природа, растенијата во мојот крај, во зеленчуковата и овошната градина, зимзелени и листопадни дрвја, животни-домашни и диви, промени во природата-годишни времиња, ориентација во времето, моите сетила, како се заштитувам од болести. И од темата сообраќај многу содржини се застапени во ТВ емисијата и тоа движење на улица, пат, место за игра во училиштето, сообраќајни знаци, пред крстосница, патуваме.

Од предметот Музичко образование за второ одделение деветгодишно образование во ТВ емисијата застапени се содржини од сите подрачја и тоа пеење песни, слушање класична, народна и музика за деца.

Од предметот Ликовно образование за второ одделение деветгодишно образование во ТВ емисијата застапени се содржините за цртање, сликање, колаж, основни средства за моделирање и обликување, основни материјали за печатење, дизајн, визуелни комуникации.

Од предметот Физичко и здравствено образование за второ одделение деветгодишно образование во ТВ емисијата нема теми кои се застапени затоа што станува збор за вежби во спортска сала.

Второто прашање од овој анкетен лист гласи: Кои содржини од ТВ емисиите не се дел од програмата?

Во сите ТВ емисии кои беа дел од оваа анализа немаше содржини кои не се дел од наставната програма. Во секоја епизода обработени содржини беа осмислени за да се дел од наставната програма и со тоа да имаат едукатвно влијание врз публиката.

Третото прашање од овој анкетен лист гласи: Кои содржини од наставната програма не се опфатени во ТВ емисијата?

По однос на ова прашање треба да се каже дека многу е мал бројот на содржини кои не се опфатени во ТВ емисијата, а се дел од наставната програма за прво и второ одделение деветгодишно образование. Најчесто станува збор за содржини кои се всушност практични вежби и кои во ТВ емисијата не се изведуваат, но тоа не значи дека водителите не внимаваат на правилна примена и на овие содржини.

Четвртото прашање од овој анкетен лист гласи: Содржините од ТВ емисиите се усогласени со програмските цели?

Понудените одговори се:

А) Да

Б) Во некои случаи

В) Не

Според одговорите од претходните три прашања може слободно да се извади заклучокот дека **содржините од ТВ емисиите се усогласени со програмските цели.** Во сите епизоди кои беа предмет на оваа анализа може да се види дека програмските цели се исполнуваат и во ТВ емисиите. Децата преку ТВ емисиите го користат говорот во воспоставувањето нови контакти и меѓусебно разбирање, се поттикнуваат кон активно слушање, кон синхронизирано користење на вербалниот и невербалниот израз, кон правилно артикулирање на вербалниот говор, се оспособуваат за користење на јазикот во искажувањето на емоциите, доживувањата и мислите, се воведуваат во светот на литературанаta и народната книжевност, се поттикнува кон говорно творештво, се воведува кон користење на јазикот и медиумите во функција на одржување и користење на националната културна и јазична традиција, да ја развива фантазијата преку говорното творештво, да го збогатува речникот со нови зборови. Исто така, децата преку ТВ емисијата се оспособуваат да ги користст основните математички поими во секојдневната комуникација, да мери и да проценува конкретна

ситуација сврзана со мерење, се поттикнува да решава едноставна проблемска ситуација од секојдневниот живот, логички да размислува. Преку содржини од природно општественото подрачје децата ја запознаваат околината како природна и општествена средина, го осознаваат своето окружување, развиваат свест за сопствената улога и обврски, ја развива позитивната слика за себе, самодоверба, самопочит, развива свест за почитување на правилата за општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки, се оспособува за набљудување, опишување, логичко мислење, се поттикнува за спознавање на живата и неживата природа, развива хуман однос кон живите суштества и природата како целина, развива способност за ориентација во просторот и времето, ги разликува годишните времиња и промените во нив, стекнува сознанија за сегашноста и минатото, се поттикнува да стекнува елементарна сообраќајна култура, да се оспособува да се грижи за сопственото здравје и животна околина.

Петтото прашање од анкетниот лист гласи: Содржините од ТВ емисиите најмногу се усогласени со програмските цели од:

А) јазично-уметничкото подрачје

Б) природно-општественото подрачје

В) математичкото подрачје

Од анализата на петото прашање може да се забележи дека содржините од ТВ емисиите се усогласени речиси подеднакво со програмските цели и од јазично-уметничкото, и од природно-општественото и од математичкото подрачје.

## 1.3. Анализи на резултатите од вреднувањето на интересот на учениците за гледање на телевизиски емисии за деца

При вреднувањето на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца втората ставка која се испитувше беше интересот на учениците за следење на овие телевизиски емисии за деца. Интересот на учениците се испитуваше во основно училиште во Скопје во кое учат деца од различна етничка припадност, но и различна социјална рамка. Учениците се од прво и второ одделение и со нив се работеше со организирано интервју така што на децата им се воопштуваа прашањата од анкетниот лист за да бидат достапни и разбирливи за нивната возраст.

Поаѓајќи од тезата дека интерактивното учење дава подобри резултати отколку пасивното, емисиите за деца што сакаат да имаат едукативен карактер треба да го поттикнуваат размислувањето кај своите гледачи. Тоа значи дека не треба се да биде готово дадено и објаснето, туку делови од содржините треба да имаат прашален карактер, поттикнувајќи го детето самостојно да го побара одговорот. Но тоа истовремено значи и дека во самата емисија треба да се пласираат доволно квалитетни информации за детето да добие доволно предзнаење на располагање, за да може да го најде вистинскиот одговор. Резултатите од интервјуата покажаа дека многу малку деца воопшто не успеваат самостојно да ги откријат поимите или решенијата на одделни проблеми во детските емисии. Многу повеќе одговорија дека барем во некои случаи успеваат во тоа, а најмногу рекоа дека секогаш им успева. Но, процентот на тие со целосен потврден одговор беше под 50 отсто, што во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со неприфатливо.

Табела бр. 3 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| Дали во ТВ емисијата самостојно ги откривате поимите или решенијата на одделни проблеми? | f | % | F | % | f | % |
| | 60 | 49 | 52 | 43 | 10 | 8 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 1: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Освен што учениците самостојно успеваат да ги откријат поимите и решенијата на одделни поими резултатите од интервјуто покажаа дека телевизиските емисии за деца

имаат основа за поттикнување на интересот и мотивацијата. Од интервјуираните ученици 80 одговориле дека ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот и мотивацијата, 32 сметале дека ниту една ТВ емисија не ги мотивирала на ништо. Само 32 ученици рекле дека во некои случаи ТВ емисијата ги мотивирала на нешто и го поттикнала нивниот интерес. Од овие резултати може да се види дека според децата повеќето ТВ емисии имаат основа за поттикнување на нивниот интерес и мотивација што во вредносните оценки на скалата ова прашање се вреднува со прифатливо.

Табела бр. 4 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали во ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот и мотивацијата на учениците? | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | F | % | f | % |
| | 80 | 67 | 10 | 8 | 32 | 25 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 2: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Телевизиските емисии за деца за да бидат едукативни треба да имаат основа и за поттикнување на интересот за читање, пишување состави и обиди за уметничко творење кај учениците. Токму на ваквото прашање при интервјуирањето учениците дали голем број потврдни одговори, односно дека ТВ емисиите за деца ги поттикнале на читање, пишување состави и уметничко творење. Дури 90 ученици рекле дека гледајќи една од емисиите Пет плус или Ај ти замижи биле поттикнати за читаат или да пишуваат состав. Негативен одговор на ова прашање дале само 16 ученици, додека 14 одговориле дека само во некои случаи биле поттикнати на уметничко творење додека

гледаат ТВ емисија за деца. Резултатите наведуваат ова прашање според вредносните оценки на скалата да се вреднува со прифатливо.

Табела бр. 5 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали во ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот за читање, пишување состави, обиди за уметничко творење на учениците? | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | f | % | f | % |
| | 90 | 75 | 14 | 12 | 16 | 13 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 3: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Покрај интересот на учениците за читање,пишување состави и уметничко творење, квалитетна телевизиска емисја за деца треба да ги задоволи нивните интереси и за наука и техника. Раната информираност на децата за компјутери и друга опрема и техника бара телевизиските емисии да одговорат и на овие барања. Но, според одговорите на учениците во интервјуто тоа не е случај на нашиот медиумски пазар. Само 36 ученици рекле дека во ТВ емисиите има содржини кои можат да ги задоволат нивните интереси за наука и техника. Негативен одговор дале 30 ученици, додка најмногу деца, 56, рекле дека само во некои случаи ТВ емисиите ги задоволиле нивните интереси за наука и техника. Ваквите одговори во вредносната оценка на скалата ова прашање го вреднуваат со неприфатливо.

Табела бр. 6 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали во ТВ емисиите има содржини кои можат да ги задоволат различните интереси на учениците за наука, техника? | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | f | % | f | % |
| | 34 | 28 | 56 | 47 | 30 | 25 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 4: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Однесувањето на граѓаните во општеството и важноста на здравата животна средина исто така е едно од прашањата во интервјуто. Од интервјуираните ученици 68 одговориле позитивно дека во ТВ емисиите има содржини за однесувањето на граѓаните во општеството, за соработаката во областа на науката, техниката, екологијата. Само 16 ученици рекле дека во ТВ емисиите нема вакви содржини, додека 38 деца само во некои случаи препознале вакви содржини. Во вредносната оценка на скалата ова прашање се вреднува со незадоволително.

Табела бр. 7 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | F | % | f | % |
| Дали во ТВ емисијата има содржини за однесувањето на граѓаните во општеството, за соработката во областа на науката, техниката, екологијата? | 66 | 55 | 38 | 32 | 16 | 13 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 5: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Децата најчесто се поистоветуваат со постигањата на одделни познати личности,а нивните дела ги поттикнуваат децата да го направат истото. На прашањето дали во ТВ емисиите има примери за постигањата на одделни личности и нивните дела, кои можат кај нив да побудат интерес за поистоветување, учениците дале најмногу позитивни одговори. Дури 68 ученици одговориле со Да, додека бројот на негативните одговори и на оние што само во некои случаи виделе такви содржини е речиси идентичен. Ваквите искази на учениците и бројот на позитивните одговори во вредносната оценка на скалата се вреднува со незадоволително.

Табела бр. 8 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали во ТВ емисијата има примери за постигањата на одделни личности и нивните дела, кои можат кај учениците да побудат интерес за поистоветување? | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | f | % | f | % |
| | 66 | 55 | 28 | 23 | 26 | 22 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 6: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Традицијата и културните вредности со кои располага македонскиот народ и припадницте на другите заедници во Македонија е нешто што треба да се пренесе на младите генерации. Запознавањето со тие традиции е особено корисно ако биде преку ТВ емисиите за деца затоа што е пренесено на начин разбирлив за нивната возраст. А дека ТВ емисиите посветуваат внимание на овие теми говорат и одговорите на интервјуираните ученици. Имено 76 ученици одговориле позитивно дека содржините во ТВ емисиите ја пренесуваат традицијата и културните вредности на македонскиот народ и припадниците на другите заедници во Македонија. Вакви содржини во ТВ емисиите не виделе 22 ученика, додека 24 деца само во некои случаи препознале содржини кои ја пренесуваат традицијата и културните вредности на македонскиот народ и припадниците на другите заедници во Македонија. Ваквите одговори ова прашање во вредносната оценка на скалата го вреднуваат со прифатливо

Табела бр. 9 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали содржините во ТВ емисиите ја пренесуваат традицијата и културните вредности на македонскиот народ и припадниците на другите заедници во Македонија? | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| | f | % | F | % | f | % |
| | 74 | 62 | 24 | 20 | 22 | 18 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 7: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




Освен запознавањето со традицијата и културните вредности на својот народ преку ТВ емисиите учениците учат и за значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури. Дека е тоа така потврдуваат одговорите на интервјуираните ученици. Дури 106 ученика рекле дека во ТВ емисиите се покажува значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури, додека само двајца одговориле негативно. Бројот на оние што само во некои случаи виделе дека во ТВ емисиите се покажува значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури е 14. Затоа во вредносната оценка на скалата ова прашање се вреднува со одлично.

Табела бр. 10 Чек листа за вреднувањето на интересот на учениците

| Прашање | Одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | А) Да | | Б) Во некои случаи | | В) Не | |
| Дали во ТВ емисиите се покажува значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури? | F | % | F | % | f | % |
| | 104 | 87 | 14 | 11 | 2 | 2 |
| Вкупно | 120 | | | | | |

Графикон бр. 8: Графички приказ од вреднувањето на интересот на учениците




**Од сето она што досега беше презентирано како резултати од вреднувањето на интересот на учениците може да се заклучи дека повеќето нивни одговори се неприфатливи во вредносната оцена на скалата.**

**Иако децата велат дека самостојно ги откриваат поимите или решенијата на одделни проблеми во телевизиската емисија, сепак имаше многу одговори кои велат дека тоа го можат само во некои случаи или, пак, воопшто не успеваат да дојдат до решенијата. Токму затоа прашањето беше вреднувано со неприфатливо со што се упатува совет до продукциските куќи содржините да ги прилагодат на детските можности особено на онаа од раноучилишна возраст. Она што како неприфатливо се оценува од страна на учениците е и слабата присутност на содржини од областа на науката и техниката. Иако повеќето одговори беа дека само во некои случаи има вакви содржини сепак тоа не е доволно за да ги задоволат детските апетити за овие области со оглед на тоа што живееме во време кога телевизорот, компјутерот и други технички апарати, од најмали до најголеми, се застапени речиси во секој дом. Она што децата го кажуваа за време**

**на разговорот беше дека сакаат преку телевизиските емисии да дознаат за некоја нова компјутерска игра или, пак, да им се објасни како се користат некои технички апарати и за што тие може да служат. Исто така како незадоволително, според одговорите на децата, се оценува и немањето доволно содржини во кои се говори за доброто однесување на луѓето во општеството. Ова треба да биде особено важно и интересно за продукциските куќи затоа што децата се тие што како сунѓер го впиваат сето она што им се сервира на телевизија. А бидејќи детските емисии се наменети токму за нив треба да се поведе сметка за воведување на што повеќе вакви содржини.**

**Постигањата на одделни личности и нивните дела кои можат кај учениците да побудат интерес за поистоветување исто така се оценуваат како незадоволително застапени во ТВ емисиите за деца. Иако во анкетата повеќето деца на ова прашање одговорија позитивно, сепак имаше доволно одговори негативни и во некои случаи, што крајниот резултат и на ова прашање го направија незадоволителен.**

**Она што како прифатливо се оценува е тоа што во ТВ емисиите има основа за поттикнување на интересот и мотивацијата на учениците. Според одговорите децата гледајќи ТВ емисија најмногу добиват мотивација за читање, пишување состави и уметничко творење.**

**Особено интересно е дека децата најмногу позитивни одговори имаат дадено на прашањето за пренесувањето на традицијата и културните вредности на македонскиот народ и другите заедници во Македонија. Тие кажуваат дека преку ТВ емисиите за деца имаат научено за многу обичаи, празници и културни вредности што се негуваат во Македонија.**

**Од сите поставени прашања во анкетниот лист за учениците најмногу позитивни одговори доби тоа дека во ТВ емисиите се покажува значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури. Децата беа речиси едногласни дека преку ТВ емисиите учат за толеранција и почитување како на различните култури, така и на луѓето кои не мислат или прават како нив. Од овие одговори на учениците ова прашање во вредносната скала доби оценка одлично.**

## IV. Заклучоци, согледувања, предлози

**Сето досега изнесено во анализата на сите три анкетни листа за вреднување на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца може да се каже дека продукциските куќи навистина се потрудиле секоја епизода од оние емисии кои беа анализирани, да има своја едукативна нота. Иако навидум, кога се гледа некоја епизода од емисијата Ај ти замижи се мисли дека децата само седат во автомобил и се возат, сепак кога ке се анализира од поинаков агол ќе се види дека водителот на многу успешен начин, симнувајќи се на детското ниво, им ги објаснува поимите за кои се разговара, или, пак, го поттикнува детето да развива позитивна слика за себе и за членовите на неговото семејство.**

**Исто така, во емисијата Пет плус често пати се обработуваат содржини за заштита на животната средина што кај децата навистина има позитивно влијание. При разговорот со учениците во училиштата тие кажуваа дека од Пет плус научиле за здрава храна и за нејзината примена во секојдневниот живот.**

**Овие телевизиски емисии се добар пример како може едукативно да се влијае на младата популација.**

**Со анализата на телевизиските емисии се покажа дека телевизиските емисии за деца од македонска продукција имаат развиена воспитна компонента, телевизиските емисии за деца од македонска продукција се со различна тематика, постои висок степен на компатибилност на телевизиските емисии за деца со наставните содржини од сите наставни предмети по првиот циклус од деветгодишното образование и децата од раноучилишна возраст пројавуваат различен интерес за гледање на телевизиските емисии за деца.**

**Она што е особено важно да се истакне е дека истражувањето на емисиите покажа дека нивната форма и содржина, поточно тематика, не е директно поврзана со нивната едукативна вредност. Не постојат строги правила за тоа како треба да изгледа една емисија за да може да се нарече едукативна, потоа какви теми треба да обработува и што се треба да содржи. Ова е позитивна придобивка за македонската продукција на детски емисии, затоа што остава многу простор за креативно изразување, без наметнати норми или структури што би претставувале ограничување на изразот. На овој начин, авторите имаат одврзани раце самите да го обмислат концептот (студиска емисија, надворешни прошетки, интеракција, натпреварувачки карактер, со една или со повеќе теми, или комбинација на сите овие и на други форми и содржини). Ова се добри и важни услови за да се**

**поттикне поголема и побогата продукција на детски емисии со едукативен карактер, бидејќи ги прави тие емисии компатибилни со трката за постојано пронаоѓање „нешто ново“, од тематски и од жанровски аспект.**

**Што е клучно за да се создаде детска емисија со едукативна вредност? Одговорот е многу поедноставен отколку што изгледа на прв поглед. Тоа е волјата на авторот. Ако творците на програмата имаат желба да ги поттикнат своите мали гледачи да научат нешто (наместо едноставно да ги забавуваат пласирајќи им едукативно безвредни содржини) тогаш тие можат да го постигнат тоа преку која било форма, секако, под услов да располагаат со соодветните знаења и вештини. Затоа може да се препорача и експертска асистенција при продуцирањето на емисиите, која сепак би се ограничила на консултативна улога, без да наметнува сопствени правила, туку пред се да ги оценува понудените содржини.**

**Особено радува и фактот дека и покрај огромната конкуренција од неквалитетни содржини (од наша продукција или од странска, достапни преку кабелските телевизиски канали, интернетот и ди-ви-ди изданијата), децата покажуваат солидна заинтересираност за емисиите со едукативна содржина. Тие се природно љубопитни, па кога ќе им се понуди содржина што им ја поттикнува таа љубопитност, ја прифаќаат. Потврда за тоа е дека гледаноста на овие емисии е на добро ниво, што, од друга страна, пак, придонесува за подобар прилив на финансиски средства од спонзорите. Финансиската исплатливост е секако клучна за да се зголеми бројот и квалитетот на емисиите со едукативни вредности. Сепак, продуцентите треба да внимаваат и на изборот на спонзори, тоа да бидат компании чии што интереси нема да се косат со вредностите што се презентираат во самата емисија (на пример, не би било логично ресторан за брза храна да се рекламира во емисија каде што се промовира здрава исхрана).**

**Но најважно е дека во Македонија, и покрај ограничениот пазар и другите неповолни околности, сепак постојат доволно добри услови за да се продуцираат детски телевизиски емисии со едукативни вредности.**

## Литература


1. Бежич, К. (1983), *Технологија наставе и наставник*, Загреб.
2. Брачевац, Н. (1966), „Телевизија у учионици", сп. *Живот и школа*, Осијек, бр. 5-6.
3. Брачевац, Н. (1966), „Телевизија и филм као средства у извори образовања и одгоја", сп. *Живот и школа*, Осијек, бр. 2-3.
4. Браун, Р. (1977), *Телевизија и деца,* Београд.
5. Бриглијевиќ, В. (1979), „Мјесто и улога телевизије у суставној образовној акцији", сп. *Живот и школа*, Осијек, 3-4, стр. 154.
6. Вилотијевиќ, М. (2000), *Дидактика III,* Београд: „Научна књига".
7. Вилотијевиќ, М. (1989), „Наставник и примена информационе технологије у настави", сп. *Иновације у настави*, Крушевац, бр. 2, стр. 100-105.
8. Витич - Шулер. (1966), *Аудио-визуелна средства*, Београд.
9. Гебер, И. (1972), *Аудио-визуелна технологија у настави*, Загреб.
10. Горјанц, Ф. ( 1981), *Аудио-визуелна учња средства*, Љубљана.
11. Груевски, Т. (1999), *Историја на новинарството,* Скопје: НИП „Студентски збор".
12. Даниловиќ, М. (1971), *Перспективе савремене наставе*, Београд.
13. Даниловиќ, М; Тодоровиќ, А. (1984), *Видео техника, телевизија будуќности*, Београд: Техничка книга.
14. Ѓорѓевиќ, Ј. (1965), „Коришќење едукативних телевизиских емисија у настави", сп. *Настава и васпитање,* Београд, бр. 7-8, стр. 366-373.
15. Ѓорѓевиќ, Ј. (1968), *Телевизија у васпитању и образовању*, Београд.
16. Ѓорѓевиќ, Т. (1989), *Теорија масовних комуникација*, Београд.
17. Зиндовиќ, Г; Трнавац, Н; Трајковиќ, Б. (1973), *Васпитна функција наставних средстава и средстава комуникације*, Београд.
18. Каменов, Е. (1989), „РТВ и образовање". сп. *Иновације у настави*. бр.1, стр. 5.
19. Курбеговиќ, М. (1966), „Стање у погледу коришчења телевизиских емисија", *Наша школа*, Сараево, бр. 1-2.
20. Леандров, И. (1968), *Масовно комуницирање као научна дисциплина*, Београд.
21. Лукиќ, С. (1973), *Анализа функције средстава масовног комуницирања у животу дјеце и омладине*, Загреб.
22. Мандиќ, П.(1988), Изабрана дјела, Осијек, стр. 277.

23. Мандиќ, П. (1988), „Образовна технологија у функцији свестраног развоја личности", сп. *Наша школа,* Сарајево, бр. 3-4, стр. 123.
24. Мужиќ, В. (1972), „Савремена наставна технологија и место телевизије у њој", сп. *Образовање и рад*, Загреб, бр. 1-2, стр. 41.
25. Никодиновска-Банчотовска, С. (1999), *Телевизијата како медиум за едукација*, Битола: „Биангл".
26. Педагошка енциклопедија 2. (1989), Завод за учбениќе... Београд, стр. 435.
27. Плетенац, В. (1979), *Сувремена наставна технологија*, Загреб.
28. Плетенац, В. (1978), *Улога телевизије у модернизацији наставног процеса*, Загреб.
29. Племенчиќ, Ѓ. (1982), *Образовна дјелотворност телевизије,* Загреб.
30. Пленковиќ, М. ( 1983), *Теорија и пракса јавног комуницирања*, Загреб: Издавачко инструктивно биро, Загреб.
31. Продановиќ, Т. (1973), „Телевизијата како фактор на модернизација на воспитание и образование", во зборникот *Изображевална технологија*, Љубљана, стр. 82-83.
32. Прокиќ, Б. (1989), *Уџебници и наставна средства у теорији и пракси*, Београд, стр. 200.
33. Тодоровиќ, А. (1978), *Телевизиско чудо,* Београд.
34. Тодоровиќ, А. (1979), *Масовна култура и средства комуникације*, Београд.
35. Фурлан, И. (1968), „Радио и ТВ као средство модернизације школе", сп. *Живот и школа*, Осијек, бр. 7-8.

# Прилози

Евиденциона листа за вреднување на едукативните вредности на телевизиските емисии за деца.

## I ТЕМАТИКА

1.Дали доминира оригиналност во изборот на темата на телевизиските емисии за деца?

☐Да ☐Во некои содржини ☐Не

2. Дали тематиката е интересна и современа?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

3.Дали има теми кои излегуваат од стандардите за образование во раноучилишна возраст?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

4.Дали телевизиските емисии се тематски поврзани?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

5.Дали има сложени теми кои се изложени поедноставно, но според научни критериуми?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

6. Дали застапените теми се во врска со:

а) семејството, мајката, таткото, браќата, сестрите

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

б)други личности, другарството, мирот, војната, патувањата, спортот

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

в) природата, цвеќето, езерата, годишните времиња, реките, животните

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

г) заштитата на природната околина (екологија)

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

д) познавање на себеси, приватноста, играчките, игрите

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

ѓ) исхраната, здравјето, физичката активност, спортот

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

е) селото, градовите, општините, власта

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

ж) учењето, книгите, работата, научни содржини, идните професии

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

з) традицијата, минатото, приказните, поговорките, гатанките

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

ѕ) филмот, музиката, фолклорот, уметноста, културно-историски настани

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

## II ПРОТОКОЛ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА КОМПАТИБИЛНОСТА НА СОДРЖИНИТЕ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ЕМИСИИ ЗА ДЕЦА СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1. Содржини од наставната програма кои се опфатени во ТВ емисијата?

________________________________________________

________________________________________________

______________________________________

2. Содржини од ТВ емисиите кои не се дел од програмата?

________________________________________________

________________________________________________

______________________________________

3. Содржини од наставната програма кои не се опфатени во ТВ емисијата?

________________________________________________

________________________________________________

______________________________________

4. Содржините од ТВ емисиите се усогласени со програмските цели?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

5. Содржините од ТВ емисиите најмногу се усогласени со програмските цели од:

а) јазично-уметничкото подрачје

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

б) природно-општественото подрачје

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

в) математичкото подрачје

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

**III ПРОТОКОЛ ЗА ДИРИГИРАНО - СТРУКТУИРАНО ИНТЕРВЈУ НА УЧЕНИЦИТЕ**

1. Дали во ТВ емисијата самостојно ги откривате поимите или решенијата на одделни проблеми?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

2. Дали во ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот и мотивацијата на учениците?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

3. Дали во ТВ емисијата има основа за поттикнување на интересот за читање, пишување состави, обиди за уметничко творење на учениците?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

4. Дали во ТВ емисиите има содржини кои можат да ги задоволат различните интереси на учениците за наука, техника?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

5. Дали во ТВ емисијата има содржини за однесувањето на граѓаните во општеството, за соработка во областа на науката, техниката, екологијата?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

6. Дали во ТВ емисијата има примери за постигањата на одделни личности и нивните дела, кои можат кај учениците да побудат интерес за поистоветување?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

7. Дали содржините во ТВ емисиите ја пренесуваат традицијата и културните вредности на македонскиот народ и припадниците на другите заедници во Македонија?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не

8. Дали во ТВ емисиите се покажува значењето на толеранцијата и почитувањето на другите култури?

☐Да ☐Во некои случаи ☐Не